**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА**

# ШТИТ

Број 194
Декември 2025



**Свечена заклетва на 29. класа на Воената академија**

**Дваесет и пет години од Резолуцијата 1325**

**Борбена сачмарка „SPAS-15“**

ISSN 1857-6710



# Свечена заклетва на 29. к

„СЕ КОЛНАМ ДЕКА ЌЕ ГИ БРАНАМ СЛОБОДАТА, СУВЕРЕНОСТА, САМОСТОЈНОСТА И ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ДИСЦИПЛИНИРАНО, СОВЕСНО И ОДГОВОРНО ЌЕ ГИ ИЗВРШУВАМ ОБВРСКИТЕ И ДОЛЖНОСТИТЕ КАКО БРАНИТЕЛ НА МОЈАТА ТАТКОВИНА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЌЕ СЕ БОРАМ ЗА НЕЈЗИНАТА СЛОБОДА И ЧЕСТ“.

Со овие зборови 29. класа на питомци/студенти и слушатели на Курсот за офицери и штабни службеници ја дадоа свечената заклетва, со што и официјално го започнаа своето школување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје. Свечениот настан се одржа на 10 ноември во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, во присуство на претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Сиљановска-Давкова, министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, претставници на дипломатскиот кор, генерали, директори, декани, професори, роднини на питомците и други гости. Давањето на свечената заклетва на новите питомци прв им ја честиташе деканот на Академијата, полковникот Ненад Танески. Според него, со заклетвата питомците не само што му се заветија на знамето, туку се приклучија на една вековна нишка на верност што ја поврзува секоја генерација што се борела за слободата на нашата земја.

„Почитувани колеги питомци, со полагањето на заклетвата, вие станавте дел од големото семејство на Воената академија, институција која веќе три децении ја гради својата традиција врз четири темели: ЗНАЕЊЕ – затоа што без постојано учење нема напредок ниту сила, СЛУЖБА – затоа што војникот постои за да му служи на народот и државата, ЧЕСТ– затоа што без чест нема достоинство, ниту лидерство и ТАТКОВИНА – затоа што сѐ што правиме е во нејзино име и за нејзината иднина. Со овие зборови, вие тргнувате на пат исполнет со чест, одговорност и посветеност, пат на кој ќе прераснете во идни офицери на македонската Армија“, рече деканот Танески.

Министерот Мисајловски, пак, кажа дека му е повеќе оддраго што нивниот избор е Воената академија, високообразовна



# ласа на Воената академија

институција која повеќе од 30 години создава лидери, кои со знаење и патриотизам ја носат одговорноста за безбедност и стабилноста на нашата држава. „Почитувани питомци и идни офицери, овој ден кога ја давате свечената заклетва ќе остане засекогаш врежан во вашите сеќавања затоа што полагањето на заклетва е ветување кон државата, кон вашите најблиски и најважно, ветување пред самите себе. Униформата којашто со гордост ја носите, секогаш нека ве потсетува на одговорноста и вредностите кои ги браните, затоа што од денеска вие припаѓате на едно големо армиско семејство, каде интегритетот и лојалноста кон татковината се вредности кои се пренесуваат од генерација на генерација и секогаш се силни и инспиративни. Затоа од сите вас очекувам да бидете пример за чесност, професионализам и човечност и не заборавајте со искреност и доверливост да ги негувате другарството и заедништвото, затоа што Армијата е силна колку што е силна довербата помеѓу луѓето", истакна министерот Мисајловски, упатувајќи порака до питомците да не заборават дека „да ѝ служите на татковината е највисоката привилегија, но и најголемата одговорност."

Завршниот збор на свеченоста го имаше претседателката Гордана Сиљановска-Давкова. Таа рече дека од идните офицери на македонската, но и на НАТО армијата, очекува да ги почитуваат и да ги практикуваат највисоките професионални и морални стандарди при справувањето со сите видови закани. Тоа ќе значи служба и во меѓународните сили, но тие никогаш не смеат да заборават од каде доаѓаат. „Вашата улога е клучна за колективната безбедност и одбрана: учеството во важни мировни мисии, воени вежби и цврсти партнерства со стратешките партнери и сојузниците. Но, каде и да сте, не заборавајте од каде доаѓате, пред кого и за кого сте се заколнале, дека сте се заколнале пред македонските граѓани! Заклетвата којашто денес ја полагате не е само обврска кон државата, туку обврска кон самите себе, гласно ветување дека ќе и се спротивставите на неправдата, дека ќе ја браните вистината, дека чесно ќе ја носите униформата секаде и секогаш. Уште еднаш, ви благодарам за тешкиот, но инспиративен и почитуван пат по којшто тргнавте. Јас ќе бидам секогаш покрај вас,", истакна на крајот врховниот командант на македонската Армија. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



16



20

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 194 | декември 2025

Инфо
**Министерството за одбрана и Армијата – регионални лидери во родовата еднаквост.......................... 6**

Инфо
**Одбележување на Денот на Инженерискиот баталјон.................................................... 13**

Геополитика
**Поставеноста на системот за противвоздушна одбрана во армијата на Р.Србија....................... 16**

Вооружување
**Актуелни настани во НАТО (4) Одвраќање и одбрана на Алијансата............................................ 20**

Безбедност
**Војската и демократијата............. 22**

Воена едукација
**Воената етика во современото војување (Прв дел)................................................ 26**

Воена едукација
**Несмртоносно оружје „Тејзер 10“.. 32**

Вооружување
**Систем за борба против беспилотни летала со ласерско вооружување HELMA-P.................... 37**

Вооружување
**Самоодна хаубица 122 мм „СОКОЛ“................................................ 40**

Вооружување
**Борбена сачмарка „SPAS-15“......... 42**

Историја
**Македонскиот буквар во Грција „Абецедар“ (1925 – 2025)............................................. 48**

Здравство
**Улогата на здравствените институции во справување со воените повреди............................... 54**

Филм
**„Воен затвореник “........................... 58**



44



50

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

## ВОВЕД

*Во месец кога се навршуваат 25 години од усвојувањето на Резолуцијата 1325 – „Жени, мир и безбедност“, Армијата се приклучува кон глобалното одбележување на овој историски момент што ја промени перцепцијата и улогата на жените во безбедносните и одбранбените структури ширум светот. Резолуцијата 1325 не е само политички документ – таа е симбол на храброст, визија и непоколеблива борба за еднаквост. Во нејзината суштина стои заложбата дека безбедноста е најсилна тогаш кога е инклузивна, а мирот најодржлив кога сите гласови се слушнати и почитувани.*

*Армијата, следејќи ја оваа меѓународна рамка, континуирано спроведува активности и политики кои ги унапредуваат родовата еднаквост, професионалниот развој и поголемата застапеност на жените во командните, штабните и оперативните структури. Денешните достигнувања се резултат на долгогодишни вложувања, партнерства и силна институционална посветеност, а годишнината од резолуцијата е можност да се направи пресек, да се препознаат успесите, но и да се поставаат амбициозни цели за иднината.*

*Овој месец свечена заклета положи и 29. класа на кадети од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“. Овој чин, исполнет со достоинство и патриотизам, ја претставува нивната прва и најважна обврска – служба на татковината со чест, знаење и беспрекорна посветеност. Новата генерација идни офицери е доказ дека Армијата продолжува да се гради врз темели на професионализам, дисциплина и модерно воено образование, усогласено со највисоките стандарди на НАТО.*

*Со нивното приклучување, Армијата добива свежа сила и нова перспектива. Секој од тие млади луѓе носи свои способности, мотивација и стремеж за напредок, а токму тие ќе бидат носители на идните трансформации и развој на одбранбениот систем. Свечениот чин е и потврда дека Армијата останува отворена, достапна и еднакво мотивирачка за сите кои ја избираат воената служба како животен повик.*

*Овој број на списанието го посветуваме токму на обединетата порака што ја испраќаат овие два настани – човечкиот потенцијал, инклузивноста и знаењето што, во суштина, се темелите на силна и современа Армија. Преку нив го славиме континуитетот, традицијата, реформите и иднината.* ■

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk




## Панел-дискусија „Лидерство на жените во безбедносните институции и мировни мисии во странство“

# Министерството за одбрана и Армијата – регионални лидери во родовата еднаквост

Министерството за одбрана и Армијата се движат во вистинска насока кога станува збор за унапредување на родовата еднаквост. Вклучувањето на принципите за еднакви можности не е само формалност, туку и реалност, поддржана со соодветни политики, стратегии и одлуки кои креираат работна средина во која жените и мажите имаат можност да напредуваат рамноправно. Ова е заклучокот од панел-дискусијата одржана на 31 октомври на тема „Лидерство на жените во безбедносните институции и мировни мисии во странство“, со која беше одбележана 25-годишнината од усвојувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325 „Жени, мир и безбедност“.

На панел-дискусијата говореа вработени во Министерството за одбрана и во Армијата, меѓу кои и жени-учеснички во меѓународни мировни мисии и беше истакнато дека „преку рамноправното вклучување на жените, не само што ги рушиме стереотипите дека Армијата е машка институција, туку ја зајакнуваме професионалноста, го унапредуваме концептот на родова еднаквост и ги почитуваме човековите права и современите стандарди во областа на одбраната и безбедноста.“

Овој пристап е препознаен и поддржан и од Европската Унија, при што нашата држава е посочена како позитивен пример за имплементација на Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност“. Учесниците на панелот посочија дека лидерството на жените во безбедносните институции и мировните мисии „не е исклучок, туку вредност, ресурс и потреба, зашто жените служат, предводат и инспирираат.“

Најважната порака која беше упатена на панел-дискусијата е онаа со која се охрабруваат младите жени да го прифатат предизвикот да станат дел од една армиска средина во која еднак-









воста е загарантирана, средина која нуди одлични услови за професионален развој, средина која овозможува сечиј квалитет да биде виден, препознаен и валоризиран.

Полковник Антониела Станковска-Будимир, учесник во две меѓународни мисии на НАТО и ЕУ, НАТО сертифициран родов обучувач и воедно координатор на вториот Национален акциски план 2020 – 2025 за имплементација на Резолуцијата на СБ на ОН 1325 „Жени, мир и безбедност“, чиј носител е Министерството за одбрана, се фокусираше на резултатите во однос на измените на нормативно-правната рамка. Токму овие измени, според нејзиното повеќе од 25-годишно искуство во системот на одбраната, се исклучително значајни за унапредувањето на родовата еднаквост, факт кој е нотиран и во извештаите од ЕУ.

„Доколку една материја не е правно регулирана, истата многу е тешко да се имплементира и да се контролира. Беа направени измени и дополнување на дел од законските и подзаконските акти во Министерството за одбрана и во Армијата, потоа во Законот на одбрана, Законот за служба во Армијата, Законот за вработени во Министерството за одбрана, како и во стратешките документи, подзаконските акти за родовата структура, и тоа според примерот на НАТО. За првпат имаме офицер за родова еднаквост во Генералштабот, за првпат се отвори место помлад соработник за родови прашања во Министерството. Ќе ги спомenам и работните групи како дел од родовата структура, односно Работната група за координација, мониторинг и евалуација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 Жени, мир и безбедност (2020 – 2025) и Работната група за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата, како и многу значајните сегменти во родовата структура – воспоставувањето на координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана и овластено лице за заштита од вознемирување со нивните заменици. За подигање на родовата свест за оваа проблематика, во Министерството има НАТО сертифицирани родови обучувачи кои редовно спроведуваат обуки во земјата и во странство. Се изработуваат полугодишни и годишни извештаи со прилози за родово разделени податоци (статистика), па во моментов токму тие податоци покажуваат дека на половина од раководните позиции во Министерството се поставени жени. Посебно ми е драго што ние веќе не зборуваме зошто да се имплементира родовата еднаквост, туку зборуваме како да го направиме тоа. Затоа, како институција сме лидери и во нашата држава и во регионот. Тоа го говорат фактите“, истакна полковник Станковска-Будимир.

Врз основа на своето повеќе од дведецениско искуство во Армијата, за постигнатото говореше и потполковник Александра Доневска, која е офицер за родова еднаквост во Кабинетот на началникот на Генералштабот, одговорна за советување од областа на родовата еднаквост и механизмите за заштита од вознемирување на работното место.

„Има голема разлика од почетоците во Армијата. Резолуцијата е усвоена 2000 година, а кај нас ова прашање е актуелно и од претходно. Ако во 1998 г. во Армијата работеле 50 жени, денес гледаме исклучителен напредок. Изразено во проценти, 12,23% од припадниците на Армијата се жени, односно 22,58% од офицерите се жени, а кај подофицерите процентот е 11,73%, 7,5% од припадничките имаат чин полковник, додека, пак, околу 20% од припадничките го носат највисокиот подофицерски чин.

Денес жените се дел од сите армиски родови и на сите нивоа, од тактичко до стратешко ниво. Горди сме што и претседателката на државата, која е и врховен командант на Армијата, е жена. Да заклучам: Денес жените во Армијата имаат можност да бидат на секоја должност и во секој чин, а сето ова говори за континуиран напредок“, рече потполковник Доневска, која во својата над 22-годишна војничка кариера била на различни командирски и штабни должности во Армијата, од пешадиски преку логистички баталјон, па сè до работното место во Генералштабот.

Од големо значење за имплементација на Резолуцијата 1325 е и образованието. На оваа тема свое излагање имаше мајор Александар Грижев, вонреден професор и раководител на Катедрата за општествени и хуманистички науки на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, НАТО сертифициран родов обучувач, член на работната група за имплементација на Резолуцијата 1325 во Министерството за одбрана.

„Резолуцијата ја имплементираме преку образованието на питомците, но и преку старешините кои се на вториот циклус на студии. Во првиот циклус на додипломските студии направивме интервенции во четири предмети (Социологија, Воена историја, Воена психологија и Човекови права), а додадовме поглавја и во предметите Лидерство и Меѓународно хуманитарно право. Во вториот степен, Командно-штабна академија и магистерските студии, во одделни предмети

се опфатени теми од оваа област, исто како и во агендата на Курсот за командири на чета и во рамките на Курсот за офицери на служби. Принципот на родова еднаквост е вметнат и во конкурсите за прием на питомци, каде со посебен сегмент ги охрабруваме жените да аплицираат. Како резултат на тоа имаме зголемена бројка на питомки коишто студираат. Во нив има огромен капацитет и квалитет, имајќи предвид дека годинава трите првопласирани питомци во Академијата беа жени", рече мајор Грижев.

Позитивен пример за родовата еднаквост во македонската Армија е и капетан Неда Волчева која на Воената академија дипломирала 2018 година, како една од најдобрите питомци. Зад себе има богато искуство на командирски должности, а има учествувано и во повеќе меѓународни вежби и била првата жена-командир на вод во мировна мисија. Љубовта кон татковината ѝ била најголем мотив за да стане офицер во македонската Армија, а за професијата вели дека не е само професија, туку и начин на живот.

„Од моите колеги сум одлично прифатена бидејќи не барам привилегии, а преку професионално извршување на задачите, посветеноста и тимската работа успеав да ја заслужам нивната почит и доверба", истакна Волчева.

„Како командир на пешадиски вод и командир на пешадиска чета, додаде таа, постојано се трудам да ги инспирирам војниците да ме следат. Вистинскиот лидер најпрво треба да изгради доверба, потоа да стекне почит, за на крај да ја добие лојалноста од своите луѓе. Војниците во мене никогаш не гледаат како на жена во униформа, туку како на командир и лидер којшто стои рамо до рамо со нив", истакна Волчева, која годинава со највисока оценка го заврши престижниот Курс за командири на четни и штабни офицери во САД.

Слично е искуството и на главниот подофицер во Центарот за снабдување и транспорт, наредник Снежана Митроска, која работи во Армијата од 1998 година, како дел од првата генерација жени-подофицери и офицери. Во својата кариера има извршувано различни командни и штабни должности, а има завршено и повеќе воени курсеви и обуки дома и во странство, меѓу кои и НАТО курсот за подофицери, како и обуки за влијанието на родовите во мировните операции. Учествувала во две мировни мисии – ИСАФ во Авганистан, каде што била единствената жена во својот тим и во рамките на мисијата КФОР во Косово.

„Во моето досегашно искуство честопати сум била во ситуации да бидам единствена жена. Ќе се навратам на моите почетоци во 1998 година и на моето прво распоредување на должноста командир во логистичка чета во Пешадискиот баталјон во гарнизонот во Тетово, каде што бев единствената жена. Меѓутоа, ниту тогаш, ниту сега тоа не ми претставувало пречка во мојата истрајност, во мојата мотивација да дадам сè од себе и да изградам респектабилна кариера во Армијата. Сум наидувала и на поддршка и на разбирање, но имало и предизвици. Меѓутоа, силниот мотив, желбата и храброста, без страв од неуспех или од грешка, ми помогнале да го достигнам ова ниво. Мојата моментална позиција е доказ дека жените во Армијата, не само што можат да бидат рамноправни со колегите мажи, туку можат успешно да водат, да мотивираат и да обединуваат. Жените во униформа носат карактеристики како што се внимателност, истрајност и способност да создадат доверба во тимот и кохезија", рече наредник Митроска.

На крајот на панелот говорниците ја повторија пораката до жените – да не се плашат, да веруваат во себе и да станат дел од Министерството за одбрана и Армијата. Одбраната нуди исклучителни можности за професионален напредок, стекнување на нови знаења, можности за работа во мултинационални средини и во меѓународни мировни мисии. Тие укажаа на тоа дека заеднички, и мажите и жените, можат да создадат средина во која секој може да придонесе со своето знаење, способности и потенцијал. „Сите позиции се отворени, и за мажите и за жените, а единствени услови за професионален напредок се знаењата, вештините и личните способности. Со напредокот на жените во Армијата, не само што ја унапредуваме родовата перспектива, туку и ефикасноста, кредибилитетот и иднината на македонската Армија", заклучија панелистите. ■






# Дваесет и пет години од Резолуцијата 1325

Министерот за одбрана Владо Мисајловски, заедно со претседателката Гордана Сиљановска-Давкова, се обратија на одбележувањето на 25-годишнината од усвојувањето на Резолуцијата на 1325 на Обединетите нации – Жени, мир и безбедност. На настанот, кој беше организиран од Министерството за одбрана и Канцеларијата на UN Women се обратија и амбасадорот на Европската Унија,Маихалис Рокас и раководителката на канцеларијата на UN Women, Весна Ивановиќ-Кастаред.

Претседателката Гордана Сиљановска Давкова истакна дека Резолуција 1325 утврди два темелни принципи – прво, заштита на жените и на девојчињата од родово заснованото насилство и второ, нивно рамноправно учество со мажите во борбата за мирот и безбедноста.

„Советот за безбедност застана зад разумот и дијалогот, а не зад силата и зад војната. Денес, кога ја одбележуваме 25-годишнината од Агендата за жени, мир и безбедност и од Резолуцијата 1325, околу седумстотини милиони жени и девојчиња живеат во радиус од педесет километри од зоните на конфликтите, што е највисока бројка во последните три децении, изјави претседателката.

Министерот Мисајловски информираше за напредокот во Министерството за одбрана и Армијата, при интегрирање на родовата компонента и родовите аспекти во законските, за подзаконските акти и стратешките документи, особено осврнувајќи се на фактот дека во континуитет бројот на припаднички во Армијата се зголемува.

„Особено сакам да го истакнам процентот на офицерки кој достигна околу 23 проценти, бројка која постојано расте и е најголема досега. Овде би сакал да додадам дека забележителен успех можеме да видиме и во Министерството за одбрана, каде денеска процентот на жени кои се на раководни позиции изнесува над  50 проценти“, рече Мисајловски.

Тој додаде дека сето ова е постигнато со придонес од вработените во Министерството за одбрана, Армијата, Канцеларијата на UN Women и останати претставници од граѓанскиот сектор, кои постојано даваат придонес во промовирањето на родовата еднаквост и имплементација на родовата перспектива во одбранбениот сектор.

„Правичната родова застапеност и создавање на еднакви услови за развој во кариера на жените и мажите е една од препознатливите политики и стратешки приоритети во Министерството за одбрана и во Армијата. Врвната професионалност и посветеност кон родовата рамноправност резултираа денес сите позиции да бидат отворени, односно да бидат достапни и за жените и за мажите. А во континуитет работиме и на зголемувањето на застапеноста на жените на раководни и командни позиции“, заклучи министерот.

Министерот Мисајловски порача дека во периодот што следува Министерството и Армијата ќе продолжат активно да се залагаат за спроведување на политиките за родова еднаквост, за подигање на свеста за еднакви можности и за унапредување на позициите на жените, како во Министерството  така и во Армијата. ■





# Генералот Михаило Апостолски – инспирација за младите воени лидери

Лидерството е вештина која е од клучна важност, особено за идните генерации на млади воени лидери. Секцијата за лидерство во рамките на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, активно придонесува питомците да разработуваат теми од лидерството, надвор од студиските планови и програми и да ги подобруваат работите во своето опкружување. Овојпат, симболично, на 13. Ноември – Денот на ослободување на Скопје, питомците од секцијата организираа работилница на тема „Генералот Михаило Апостолски – инспирација за младите воени лидери“.

Генералот Михаило Апостолски, како патрон на Воената академија и централен лик во школувањето на питомците, претставува олицетворение за македонското воено лидерство од новата ера. Оваа работилница имаше цел на питомците од 1. година (29. Класа), да им го доближи ликот, делото, вредностите и карактеристиките на генералот Апостолски и да го поврзе со вредностите на Воената академија.

Работилницата ја претстави д-р Бојан Миклош, доцент, капетан, кој преку анализа на документарните содржини за генералот кои беа проектирани, во дискусија со питомците, заеднички извлекуваа научени лекции кои питомците од најновата класа на Воената академија ќе ги имаат предвид во нивниот понатамошен развој како лидери.

Настанот започна со пречекување на питомците од 1. година, односно со послужување на чај и кафе во лобито на Деканатот на Воената академија, и можност за неформално дружење и размена на искуства со членовите на Секцијата за лидерство. Официјалниот дел од работилницата започна со воведен збор, како и со краток омаж на животот и делото на генралот Михаило Апотослки, проследени со проектирање на слики од неговиот живот, борбен и научен пат. Работилницата продолжи со проектирање на делови од документарниот филм, нивна анализа и извлекување на научени лекции за карактерот на лидерот, начинот на комуницирање, мајндсетот, релациите со своите потчинети и на крај беа презентирани личните вредности на генералот Апостолски. По завршувањето на работилницата, најмладите питомци заминаа мотивирани, инспирирани и освестени за примерот на генералот Апостолски не кој треба да се угледаат

Преку реализацијата на ваквите настани според принципот „од питомци – за питомци“, се согледува тоа што значи лидерство преку служење на другите, оддавање почит од новите генерации кон ликот и делото на патронот и најважно, позитивно влијание и пренесување на истата жар за личен развој и лидерство кај помладите. ■



# Баталјонот за почести со воена свеченост го одбележа 11 Ноември

Во касарната „Илинден“ во Скопје, припадниците на Баталјонот за почести (6П) со воена свеченост го одбележаа 11 Ноември – Денот на единицата. Генерал-мајор Лафчиски им порача на припадниците да продолжат да бидат чувари на традицијата, симбол на достоинството и гордост на Армијата и на државата, потсетувајќи ги на симболот „Lux Aeterna“ и гардиските вредности: чест, храброст и посветеност.
На свеченоста, покрај началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, присуствуваа и деканот на Воената академија, полковник Ненад Танески, аѓутантката на претседателката, претставници од командите и единиците од составот на Армијата, претставници од Сојузот на борци, како и голем број поранешни припадници на 6П.
Баталјонот за почести го прославува Денот на единицата како носител на традициите на Првата македонско-косовска ударна бригада, формирана на 11 ноември 1943 година во селото Сливово. ■



# Полковник Кире Николовски беше одликуван со Сребрен медал

На свечена церемонија полковник Кире Николовски беше одликуван со Сребрен медал за национална одбрана на Француската Република.
Медалот, кој за прв пат го добива припадник на македонската Армија, беше доделен од страна на воеdet аташе на Француската Република, во име на нивното Министерство за одбрана, по повод постигнатиот успех за време на школувањето како офицер на 31. класа на Школата за национална одбрана „Écoles de Guerre“.
Овој чин претставува значајна потврда за соработката помеѓу нашата армија и Вооружените сили на Франција, како и признание за професионалните достигнувања на нашите офицери. ■



# Билатерална цивилно-воена соработка со Република Италија

Во период од 27.10. до 7.11.2025 година, во Домот на Армијата се реализираше семинар од доменот на цивилно-воената соработка (ЦВС), на тема „CIMIC Tactical Operator“, во согласност со Планот за билатерална соработка со Република Италија за 2025 година.

Воведен збор имаше началникот на J-9/ГШ на Армијата, полковник Арбен Јакупи. Тој истакна дека наведената активност е дел од континуираниот процес за исполнување на НАТО целите на способности за градење на капацитетите на Армијата во делот на ЦВС. Воедно, тој изрази благодарност до присутните гости од Република Италија за досегашната соработка.

Делегацијата на Република Италија беше предводена од тим за ЦВС од составот на Multinational CIMIC Group – MNCG, Motta di Livenza, Италија Со оглед на фактот дека Република Италија учествува во бројни мисии и операции предводени од НАТО и од ЕУ во регионот на Балканот, во Африка и на Блискиот Исток, нејзините сили располагаат со исклучително искусен персонал кој учествувал на мисии поврзани со ЦВС. Тимот што го реализираше семинарот несебично го пренесе своето знаење и искуство преку бројни вежби во групи, додека персоналот од Армијата покажа висок степен на подготвеност и посветеност за подобрување на индивидуалните способности за ЦВС за време на учество во мисија. На семинарот учествуваа 30 припадници на Армијата кои се поставени на соодветни должности за ЦВС.

Активноста е продолжение на досегашната плодна соработка и реализација на билатерални средби со Република Италија, кои се планира да продолжат и во текот на 2026 година. ■



# Координативна конференција на командантите на Јужното крило на НАТО

Од 16 до 19 ноември 2025 година, делегација на Армијата, предводена од началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, учествуваше на Координативната конференција на командантите на „Јужното крило на НАТО 2025“ (SCCC – Southern Commanders Coordination Conference 2025).

Во рамките на Конференцијата, генералот Лафчиски присуствуваше на церемонијата на примопредавање на должноста командант на Здружената команда на силите во Неапол (Joint Force Command Naples – JFCNP), на која адмиралот Стјуарт Манч му ја предаде должноста на адмиралот Џорџ Викоф.

На Конференцијата, која вчера продолжи со работни сесии, присуствуваа и претставници од шест партнерски земји на НАТО, членки на Истанбулската иницијатива за соработка и Медитеранскиот дијалог.

За време на престојот, началникот на ГШ на Армијата оствари одделни средби и со стариот и со новиот командант на JFCNP, како и со началниците на генералштабовите на сојузничките и партнерските земји од регионот, при што беа разменети мислења од области од заемен интерес, како и можностите за унапредување на регионалната соработка, со цел зајакнување на безбедносната состојба.

„SCCC 2025“ претставува годишна конференција на која учествуваат началниците на Генералштабовите на 13 земји членки на НАТО кои се дел од Здружената оперативна зона Југоисток, како и командантите на NATO Rapid Deployable Corps од Италија, Грција и Турција. На Конференцијата учествуваат и командантите на мисијата КФОР (KFOR – Kosovo Force), на НАТО мисијата во Ирак (NMI – NATO Mission in Iraq) и на операцијата на ЕУ – АЛТЕА. ■





# Одбележување на Денот на Инженерискиот баталјон

Со воена свеченост се одбележа 13 Ноември, Денот на Инженерискиот баталјон (инжб), од составот на 1.пешадиска бригада (1.пбр), По повод Денот на единицата се обратија командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски и командантот на инжб., потполковник Ласте Ѓорѓиев.

Командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, во својот говор најпрво ги поздрави присутните гости, а потоа зборуваше за улогата на единицата од самото нејзино формирање, па сè до денес. Исто така, тој го истакна учеството на вежбите „Comined Resolve“ и „Saber Junction“ во Германија и на вежбата „Immediate Response“ на АП Криволак. На крајот од своето обраќање, командантот на 1.пбр, порача: Почитувани припадници на инжб, чувајте ја и сакајте ја единствената инженериска единица во Армијата, институција која има најголема доверба кај граѓаните, и нека ве води вашето мото „Секогаш напред“.

Командантот на инжб, потполковник Ласте Ѓорѓиев, истакна дека прославувајќи го Денот на инженериската единица, чувството на почит и гордост кога им се обраќа на присутните пред стројот е големо, бидејќи големи се и делата од досега постигнатото и сработеното. Притоа, потполковник Ѓорѓиев истакна: „Денес, кога се одбележуваат 81 година од формирањето на Инженериската бригада на Генералштабот на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија, се оживуваат настаните од нашето историско минато, чиј носител на традициите е токму инжб. Извршувањето на мисијата останува исто – да ја браниме, да ја градиме државата и да ја сочуваме нејзината независност и слобода со сите сили и средства. Инженерискиот баталјон ќе продолжи да создава, да гради и да ја штити татковината со ум, срце и посветеност.“.

На свеченоста присуствуваа командантот на Командата за операции (КО), бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, претставници од командата и штабот на 1.пбр, пензионирани генерали на Армијата, команданти на единиците и поранешни команданти и припадници на Инженерискиот баталјон.



По повод Денот на единицата беа прочитани наредби за унапредување и стимулативни мерки за постигнатите резултати во работата и подигнувањето на борбената готовност. За најдобар вод беше прогласен Водот за расчистување на патен правец од Првата чета за борбено-инженериска поддршка, под водство на потпоручник Марко Младенов.

На поранешните припадници од инжб. им беа доделени плакети со логото на единицата, беше реализиран и тактичко-технички збор на опремата и средствата со кои располага единицата, а во рамките на одбележувањето на Денот на инжб, припадниците на Баталјонот, во соработка со Црвениот крст, реализираа крводарителска акција.



# Промоција на регионалната платформа „Соседите помагаат први“ и новата Интервентна единица на Црвениот крст

Во организација на Црвениот крст беше промовирана регионалната платформа „Соседите помагаат први“ и новоформираната Интервентна единица за одговор при катастрофи.

На настанот накратко беа претставени целите и активностите на мрежата, чија мисија е развивање, унапредување и позиционирање на платформата на хуманитарната мапа на движењето. Црвениот крст на нашата земја е дел од мрежа составена од 13 членки: Албанија, Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина, Грција, Кипар, Хрватска, Унгарија, Романија, Полска, Словачка и турската „Црвена полумесечина“. Дополнително, шест национални друштва имаат статус на набљудувачи: Австрија, Чешка, Италија, Србија, Словачка и Шпанија.

Свое обраќање имаше министерот за одбрана Владо Мисајловски, кој истакна дека „само преку заемна соработка и меѓусебна поддршка можеме да придонесеме за сигурен, стабилен и безбеден регион, како и за успешно остварување на заедничките цели, раст и развој на државите“.

Говори одржаа и генералниот секретар на Црвениот крст на Република Северна Македонија, Саит Саити, претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието, генерал Павле Арсовски, како и претседателот на хрватскиот Црвен крст, Роберт Маркт. Сите заеднички ја нагласија важноста на солидарноста и фактот дека токму соседите се првите кои помагаат при секоја криза и катастрофа.

Беше промовирана и новоформираната Интервентна единица за одговор при катастрофи, составена од четири специјализирани тимови: Логистички тим, Тим за прва помош, Тим за психосоцијална поддршка и Тим за кризно менаџирање и поддршка на институциите за време на катастрофи. Единицата е формирана со цел да реагира брзо и да биде целосно оперативна во рок од 72 часа од настанување на катастрофата, сè до моментот на воспоставување систем за понатамошна мобилизација на локалните тимови во општинските организации.



На настанот беше презентирана опремата, возилата и материјално-техничките средства со кои располага единицата: Мобилен оперативен центар, дрон со термална камера, радиоврски, со цел да служат како поддршка за тимовите на терен, АТВ возило, планинарска опрема, спасувачки чамец со целосна опрема, амбулантни возила за транспорт на повредени, целосно опремена прочистителна станица и мобилна кујна. ■

# Традиционален кондиционо-едукативен марш

Во согласност со Програмата за работа и обука на ООЕ на ОРОРМ од Струмица за 2025 година, на 11 Октомври, во чест на Денот на Народното востание, се одржа традиционалниот кондиционо-едукативен марш со над 50 учесници. Маршот беше организиран од претседателот на ИО на ООЕ на ОРОРСМ од Струмица, Митко Ташев и претставникот во Собранието на ОРОРСМ од Струмица, Кирил Партенов. На маршот присуствуваа и претставници на ООЕ на ОРОРСМ од: Гевгелија, Валандово, Радовиш, Градската организациона единица Скопје, претставници на боречката организација и Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста. Овој марш беше од регионален карактер и се изведе под падините на планината Беласица.

Збoрно место беше пред противпожарната станица во Струмица, од каде со автобус се замина за Габрово. Оттука на присутните им се обратија и ги поздравија: претседателот на ООЕ Струмица Митко Ташев, претставникот во Собранието на ОРОРМ од Струмица Кирил Партенов и претседателот на ОРОРСМ Драгољуб Столески, кои на присутните им посакаа добредојде, убаво дружење и ги запознаа како се одвива секоја етапа од активноста поединечно.



Пред почетокот на маршот Ѓорѓи Бонев имаше детално излагање за царот Самуил и неговото царство, а потоа се реализираше маршот, прво до Габровските Водопади а потоа и до Колешинските Водопади.

Маршот беше логистички поддржан од ОРОРСМ. ■

# Државен марш

На 25 октомври во организација на ОРОРСМ се одржа Државниот есенски кондиционо-едукативен марш со повеќе содржини. Домаќин и организатор на оваа еднодневна активност беше Општинската организациона единица на Кавадарци, чиј претседател е Трајко Тасев, а голем придонес во организирањето на овој марш даде претставникот во Собранието на ОРОРСМ, Гоце Ефремовски. На оваа еднодневна активност имаше над стотина учесници. Маршот беше реализиран на правецот Кавадарци –Ваташа – Висорамнина Витачево – Михајлово. Почетната точка беше пред спортската сала Јасмин. Оттука учесниците на оваа активност се упатија кон Ваташа, во месноста каде што се наоѓа спомен-паркот посветен на 12-те младинци кои во 1943 година биле ѕверски убиени од страна на Бугарскиот фашистички окупатор. Во спомен-паркот се наоѓаат: спомен-со-



ба, споменик и 12 бисти како и по едно зимзелено дрво позади секоја биста. Значајно е да се напомене дека за овој немил настан подетално предавање одржа кустосот и историчар Марија Михова. Учесниците на оваа активност беа поздравени од претседателот на ОРОРСМ Драгољуб Столески и претседателот на ООЕ Кавадарци Трајко Тасев. Од Ваташа се продолжи кон висорамнината Витачево, каде што во месноста каде се наоѓа црквата „Воскресение Христово" се одржаа военостручни предавања од припадници од КОД/Центарот за поддршка на обука стационирани во Криволак.Поручникот Ристе Голчев одржа предавање за географската и топографската ориентација на зежјиштето, додека поручникот Јован Данов одржа предавање за оперативните правци и логистичките капацитети. После предавањето, со возила се продолжи кон Михајлово, каде на 5 километри пред целта се продолжи пеш. Маршот беше санитетски покриен од страна на КОД–Центарот за индивидуална обука. Значајно е да се истакне дека оваа еднодневна активност логистички беше поддржана и од градоначалникот на Кавадарци, г. Митко Јанчев, за што му изразуваме голема благодарност. ■

# Негување на традициите

По повод 81 година од Денот на ослободувањето на Гевгелија, 7 Ноември, делегација предводена од претседателот на ОРОРСМ, Драгољуб Столески, придружуван од делегатот во Собранието на ОРОРСМ од Гевгелија Александар Крајчев и претседателот на ООЕ на ОРОРСМ Гевгелија, Никола Минчевски, присуствуваа на овој чин на оддавање почит и положување на свежо цвеќе на споменици на паднатите борци за ослободувањето на Гевгелија, настан кој се реализираше на четири локации. На покана од градоначалникот на Гевгелија, Андон Сарамандов, на откривањето на спомен-обележје на професорот и најпознатиот музичар во Македонија на хавајска гитара (хавајка) Илија Цацев, присуствуваше и делегација. Значајно е да се спомене дека повеќе од илјада дечиња од гевгелиските основни училишта, со песни, насмевки и знаменца, традиционално, по трептат, продефилираа низ улиците и со својата енергија ја донесоа веста за 81 година слободна Гевгелија. ■





Пишува: Тони Мицевски



# ПОСТАВЕНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА ПРОТИВВОЗДУШНА ОДБРАНА ВО АРМИЈАТА НА Р. СРБИЈА



Пишува: д-р Златко Кузманов

Во претходните два броја на „ШТИТ" ги анализиравме и претставивме системите за противвоздушна одбрана (ПВО) во армиите на Р. Словенија и на Р. Хрватска. Како логично продолжение на овој циклус на анализи, во овој број ќе направиме сеопфатна анализа за поставеноста на системот за ПВО во Вооружените сили на Р. Србија. Согледувајќи ги наведените држави, може веднаш да констатираме дека Република Србија системски одржува и развива респектабилен одбранбен систем и вооружени сили (ВС). Нејзиниот воен или одбранбен буџет за 2025 година изнесува околу 2,5 милијарди евра или 2,5% од БДП, и е најголем во однос на државите кои произлегоа од поранешната југословенска федерација. За точниот број на припадници на нејзините ВС тешко може да се најде официјален податок, но се проценува дека нејзините ВС имаат од 22.500 до 25.000 професионални припадници. Според извештајот на „Global Firepower Index" (GFP) за 2023 година, кој ги рангира државите во светот според нивната огнена моќност, ВС на Р. Србија биле рангирани на 58. место од анализираните 145 држави и воедно се најдобро рангирани во однос на државите настанати по распадот на југословенската федерација. Тој тренд е задржан и во однос на поставеноста и опременоста на системот за ПВО во ВС на Р.Србија. Во моментов повеќе меѓународни центри за безбедносни анализи и студии согледуваат дека ВС на Р. Србија се опремени со голем број модерни орудија за ПВО. Како и во претходните трудови, за појасно презентирање на вооружените системи за ПВО, истите ќе ги поделиме во три групи. Ќе објасниме со какви ракетни системи за ПВО располагаат, какви радарски системи за воздушно набљудување, известување и наведување и какви беспилотни летала (или дронови) имаат во единиците на ВС. Јасно е дека во ПВО, односно воздушната одбрана, спаѓа и военото воздухопловство, кое треба да биде предмет на одделна анализа.

### Ракетен систем за ПВО во ВС на Р. Србија

Последните 3 години Р. Србија вложи значителни финансиски средства за набавка на нови и современи ракетни системи за ПВО на мали, сред-

ни и средно-високи височини. Вниманието на јавноста особено го привлече набавката на моќни ракетни системи од Кина и од Израел, со можен дострел до 300 км, како и поголем број на системи од Русија и Франција со дострел до 30 км, со што се обезбедени услови за сеопфатна ПВО на тактичко и оперативно ниво во единиците на ВС. За

| Тип на систем за ПВО | Држава | Намена | Дострел |
|---|---|---|---|
| ФК-3 HQ-22<br>Нарачан е во 2020 г. и од 2022 година е оперативен во единиците | Кина | Систем за ПВО на средни височини. Против авиони, крстаречки и балистички ракети, со брзина до 3 маха | Дострел до 100 км на височина до 27 км |
| HQ-9 (ознака за извоз HQ-9BE или FD-2000) (Сличен на С-300) | Кина | Систем за ПВО на средни и високи височини | Дострел до 250 км на височина до 30 км |
| Систем за ПВО на возило „Puls". Купени се 20 вакви системи за опремување на 2 ракетни дивизиони во вредност од 300 милиони долари | Израел ELBIT Systems | Повеќенаменски ракетен лансер со среден и средно-долг дострел | Со ракети:<br>-122мм до 40 км<br>-160мм до 50 км<br>-306мм до 150 км<br>-330мм до 250 км<br>-370мм до 300 км |
| HQ-17AE<br>Нарачани се орудија за 2 батерии. Планирани се 4 батерии. (1 бат. има 4 лансери на возила со по 2 радари за набљудување до 40 км и за наведување на ракети до 20 км, возила за дотур на ракети, агрегат, к-дна станица, 2 возила со кран за замена на истреланите модули на ракети, 1 возило за техничко одржување на системот) | Кина | Систем за ПВО на мали височини за заштита на системот за ПВО со долг дострел ФК-3.<br>Може да гаѓа цели кои се движат со брзина од 1 мах. Системот може да следи до 48 цели, а да гаѓа истовремено со поединечни ракети до 4 цели. Од откривањето на целта, до лансирањето на ракетата, потребни се 8 секунди. | -До 15 км<br>-На висина од 10 м до 8 км |
| Модернизиран Pantsir-S1E, монтиран на борбено | Русија (нов | За блиска ПВО | Дострел до 30 км, а во височина до 15 |
| | | | а во висина до 4000м |
| MTU-4M (во развој). На возило тип „Хајдук", произведено во „Застава", со монтиран систем за блиска ПВО „Игла" (или „Шило"). Има и вграден митралез 12,7 мм со далечински управувана вооружена станица | Србија | Лесен преносен ПВО систем за блиска-непосредна трупна ПВО и заштита. Борба против дронови | Дострел од 2800 м до 4200 м<br>Дострел на митралезот на земја до 2000 м, а во воздух до 1500 м |
| Модернизиран систем за ПВО, 9К 35, Стрела 10М. Поставен на БВП М80А, а може да се постави и на други возила | Русија | Со нова ракета RLN S-10. Против дронови | Дострел до 12 км и во висина до 8 км |
| Можна е набавка на „9М337 Sosna-R" на БВП | Русија | Систем за блиска ПВО | Дострел до 10 км, на висина до 5 км, со брзина од 2 маха |

| Модел | Држава | Дострел и намена |
|---|---|---|
| ГМ-400а - GM400a (Ground Master 400 Alpha). Набавени се 6 | Франција (Thales) | Дострел од 515 км и во височина до 30 км Распоредени се во 126. бригада за ВНЈ |
| ГМ-200, поставен на возило 8x8. Набавени се 6 | Франција (Thales) | Дострел до 250 км, во височина до 25 км |
| ГС-40. Набавени се 10 | Франција (Thales) | Дострел до 150 км, во височина до 10 км |
| Радари кои веќе се користеле | | |
| AN/TPS-70. Наследени се 3 вакви радари од ЈНА Во 2015 дополнително купиле уште 2 вакви радари од Словенија | САД | Дострел од 250 км до 380 км Еден е лоциран во гарнизонот во Ниш |
| М85 „Жирафа", радар на шасија од ФАП 2026 | Шведска (СААБ) По лиценца во Србија | За набљудување за ракетни или топовски системи на среден и мал дострел |

појасно согледување со какви оперативно-технички карактеристики располагаат, ќе ги прикажеме табеларно.

## Радари во ВС на Р. Србија

По повеќегодишно користење на британски и американски радари, во 2023 година ВС на Р. Србија набавиле поголема количина француски најмодерни радари за набљудување на големи далечини и височини, како и радари за оперативна и тактичка намена. Со таквото опремување, воспоставено е целосно покривање на воздушниот простор на државата, со можност за активно набљудување и во соседните држави. Интересно е да се напомене дека во 2015 година Р. Србија купила 2 користени американски радари AN/TPS-70 од Р. Словенија, кои се додадени на постојните 3 од ист тип радари, кои веќе ги поседувале ВС на Р. Србија. Во продолжение во табелата се дадени детални податоци за називите на радарите, колку се набавени, од која држава и каков им е дострелот за набљудување.

## Беспилотни летала или дронови

Во ВС на Р. Србија, уште пред 10-тина години го сфатиле значењето и улогата на дроновите и беспилотните летала во современото војување и започнати се набавки на такви системи, а паралелно со тоа се усвојувало и се развивало и домашно производство на дронови со различна намена. На меѓународниот саем за вооружување „INDEX 2023“ во Абу Даби, Обединетите Арапски Емирати, претседателот на Р.Србија изјавил дека е потпишан договор со компанијата EGDE од таа држава за набавка на голема количина на дронови-камикази, во вредност од 200 милиони евра. Исто така, наменската индустрија во Србија веќе произведува 10-тина видови на тактички дронови-камикази, чие производство треба да биде масовно. Се планира најголем број од дроновите-камикази да бидат распоредени во составот на мешовитата артилериска бригада на ВС на Србија, лоцирана во гарнизонот во Ниш, додека пософремените дронови во 353. извидувачка ескадрила. Во 2023 година во ВС и официјално е воведена и нова специјалност – оператор за водење на вооружени беспилотни летала. Секако, најзначајно опремување е последната набавка на израелскиот повеќенаменски дрон „Hermes 900 Straliner“ и на кинескиот дрон CH-95, кои имаат високи оперативни и борбени перформанси. ВС на Р. Србија имаат најголем број на разновидни дронови во регионот. Нивните карактеристики и перформанси се значајни и интересни, па со цел посеопфатно согледување, ќе ги прикажеме во посебна табела, поделени во три категории.

Од презентираните податоци и извршената анализа, може да констатираме дека државата Србија издвојува значителни финансиски средства за опремување на нејзините ВС. Нивните ВС се опре-

| ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ДРОНОВИ | | | |
|---|---|---|---|
| Тип | Држава | Намена | Карактеристики |
| Современ дрон „Hermes 900 Straliner". Набавени се 4 ваки дронови за 30 милиони евра, со земска командна станица, опрема, резервни делови и со договорена и планирана обука | Израел | Повеќенаменски, за извидување, надгледување и за офанзивни дејства | Може да лета до 30 часа, на висина до 9000 м и да носи разновиден товар или вооружување до 300 кг. Брзината на летот му е 220 км на час |
| Дрон „Hermes 450" | Израел | Извидувачки и борбен | Во воздух до 20 часа. Долет до 300 км, на височина до 5500 м. Брзина 175 км |
| Дрон „Врабац" | Србија | Извидувачки и борбен | Може да лета до 1 час, во радиус од 25 км, на височина до 500 м |
| ИЗВИДУВАЧКИ ДРОНОВИ | | | |
| Тип | Држава | Намена | Карактеристики |
| Дрон „Орбитер 1" | Израел | Извидувачки и за наведување | Може да остане во воздух 25 минути и има дострел до 3 км |
| Дрон квадрикоптер АР-100 Ц | Германија | Извидувачки | |
| Микро беспилотно летало -Дрон „AirRobot AR 100C" | Германија | Извидувачки | Може да лета до 25 минути |

| БОРБЕНИ ДРОНОВИ | | | |
|---|---|---|---|
| Тип | Држава | Намена | Карактеристики |
| Дрон CH-95. Купени се 6 и распоредени во 353. извидувача ескадрила. Со нив оперираат пилоти обучувани за потребите на воздухопловството | Кина | Борбен. Вооружен со 2 ракети со дострел до 8 км | Може да остане во воздухот до 20 часа, на височини до 8000 м |
| Дрон CH-92A. Купени се 6 и распоредени во 353. извидувачка ескадрила. Со нив оперираат пилоти обучувани за потребите на воздухопловството | Кина | Борбен. Вооружен со 2 ракети со дострел до 5 км | Може да остане во воздухот до 12 часа, на височини до 5000 м |
| Дрон „Пегаз“ | Србија /Кина | Борбен. Вооружен со 2 ракети со дострел од 4.5км | |
| ФПВ дрон - квадрокоптер „Комарец“. Се планира да се произведат повеќе од 3000 вакви дронови | Србија | Борбен, по принципот на „талкачка муниција“ | Вооружен е со термобарична боева глава, со тежина од 450 гр, а може да има и кумулативна или фрагментациона боева глава |
| Дрон „Осица“ | Србија | Брбен - камиказа дрон. Носи боева глава до 6 кг | Може да лета до 30 минути, со дострел до 50 км. Има боева глава од 9 кг |
| Дрон „Гавран“ | Србија | Борбен | Може да лета до 30 минути, со дострел до 50 км. Има боева глава од 9 кг |
| Дрон „ИКА Бомбардер“ | Србија | Борбен | Време на лет до 30 минути, со дострел до 20 км. Може да носи до 12 мини-бомби од 60 мм |
| ФПВ Дрон - квадкоптер „ИКА-КАМ 60“. Се планира да се произведат повеќе од 1000 вакви дронови | Србија | Борбен-камиказа дрон | |

мени со современ, сеопфатен и масовен систем за ПВО, кој отскокнува во споредба со таквите ситеми во ВС на државите во регионот. Ова е резултат на јасно дефинирање на целите и потребите во стратегиските и оперативните документи, пред сè во Стратегијата за одбрана, донесена во 2020 година, Белата книга на одбраната на Р. Србија од 2023 година, Концептот на тотална одбрана, донесен во 2024 година и Стратегискиот преглед на одбраната, донесен во 2025 година. Како потврда на изнесеното ќе го цитираме делот за приоритетите за опремување во Военото воздухопловство и ПВО во Белата книга на одбраната од 2023 година. Во истата е наведено: „Приоритетите за опремување во идниот период ќе бидат: опремување со беспилотни воздухоплови, унапредување на способностите на трупната ПВО, опремување со нови и модернизација на постојните системи за борба против дронови, потполна модернизација на радарската мрежа на база на современи набљудувачки радари и радари за трупна ПВО и воведување на напредни автоматизирани системи.“ Како што можевме да видиме од анализата, голем дел од ова е постигнато. ■





# АКТУЕЛНИ НАСТАНИ ВО НАТО (4) ОДВРАЌАЊЕ И ОДБРАНА НА АЛИЈАНСАТА

## (Споделување информации и инвестиции во технологијата)



Пишува: полковник Драган Павловски

Колку начинот на комуницирање и споделување информации со пошироката јавност имаат влијание врз понатамошните активности на Алијансата? Одговорот е едноставен. Станува збор за многу ефикасен начин на делување. На Самитот на НАТО во Вилнус во 2023 година, комуницирањето привлече огромен светски интерес. Воведниот збор на генералниот секретар и прес-конференциите во живо беа следени од преку 118 телевизиски мрежи ширум светот, односно од над 1,7 милијарди луѓе. За да се вклучи во интеракција со помладата публика, НАТО сподели ексклузивна содржина на Инстаграм и Фејсбук и соработуваше со инфлуенсери од балтичките земји. Брендирањето на НАТО низ градот послужи како потсетник и изразување благодарност до граѓаните и туристите во Вилнус пред и во текот на самитот, но и како објаснување за граѓаните што е НАТО и како како функционира. Ова беше во насока на спротивставување на надворешните манипулации со информациите и дезинформациите, како и во насока на зголемување на општествената отпорност кон дезинформациите. Јавниот форум во Вилнус ги собра претставниците на нациите на високо ниво, вклучувајќи шефови на држави и влади, министри, претставници од сојузничките и партнерските земји, НАТО официјални лица, меѓународни безбедносни експерти, невладини организации, креатори на содржини, академски институции, парламентарци, индустрија и воени субјекти од сојузничките земји. Повеќе од 500.000 луѓе го гледаа настанот „онлајн". Во текот на самитот, гледаноста достигна речиси 2 милиони луѓе преку социјалните мрежи, со вкупна заинтересираност на околу 2,2 милијарди луѓе преку радиодифузните медиуми. НАТО соработуваше и со каналот YouTube, а група млади креатори на содржини направија и објавија интервјуа со низа истакнати говорници и учесници на јавниот форум.

Понатаму, во текот на 2023 година повеќе од 80 медиуми учествуваа во прес-турите на НАТО. Овие спонзорирани тури им обезбедуваат на медиумите од прва рака да имаат пристап до мисиите, вежбите, операциите на НАТО, капацитетите и способностите, како и распоредот на силите. Прес-турите на НАТО помагаат да се покаже широчината на работата на Алијансата за заштита на сојузничката популација и територија против каква било закана и од која било насока. Во таа насока, медиумите имаа можност да го набљудуваат тренингот на сојузничките сили во екстремни услови на крајниот север, имаа увид во пристигнување на засилувањата на НАТО на Источното крило, тестирање на беспилотни системи за откривање на подморници, присуство на најголемите вежби за сајбер-одбрана, интеракција со експерти од индустријата околу најновите технологии, следење на обуката на сојузничките бродови и активностите на модерните воздухоплови и нивните достигнувања.

Со цел да се промовира јавното разбирање на Алијансата, таа поддржува одржување конференции, семинари, работилници и други активности на јавната дипломатија преку низа дискрециони грантови. Во 2023 година, НАТО издаде 207 грантови во 36 земји. Тоа беа поканети невладини и младински организации, тинк-тенкови и универзитети за градење свесност за мисијата, приоритетите и вредностите на НАТО. Со еден збор, НАТО продолжува да инвестира во продемократски активисти, помлади инфлуенсери, независни аналитичари и новинари од странство, како креатори на мислење во јавноста. Истовремено, НАТО ја

продолжи и својата кампања „Заштити ја иднината“, предводена од млади онлајн-креатори и поддржувачи од Естонија, Латвија, Литванија и Полска кои, помеѓу другото, остварија и посета на генералниот секретар во седиштето на НАТО.

Ваквата проактивна, отворена и транспатентна поставеност на Алијансата има стратешко влијание за запознавање на широката популација и придобивање на младата популација од една страна, а од друга страна претставува алатка за одвраќање и одбрана од делувањето на потенцијалните спротивставени владини и невладени актери. Сето ова е од витално значење за иднината на Алијансата, со цел да се запознае следната генерација што е НАТО и зошто тоа е важно за нивната безбедност.



Инвестирањето во врвни и интероперабилни способности е од посебно значење за НАТО, со оглед дека интероперабилноста е способност да се работи колективно за да се постигнат заедничките цели, вклучувајќи користење стандардизирана опрема. Алијансата спроведува широк спектар на мултинационални мисии и задачи за кои се потребни врвни интероперабилни способности. Сојузниците ја обновија својата заложба за подобрување на интероперабилноста на нивните сили преку проекти со висока видливост. Овој мултинационален пристап им овозможува на сојузниците да ги задржат и да ги унапредат клучните способности, преку заштеда на националните финансии, обезбедувајќи интероперабилност по дизајн уште на почетокот на проектот. Со поддршка на индустријата беа започнати повеќе проекти од кои ќе наведам дел од нив: развој на модуларен систем за воздушна одбрана, иден надзор во воздушниот простор преку систем за предупредување и контрола кој ќе биде имплементиран кај нов воздухоплов, проект за мултинационален повеќенаменски транспорт со флота од повеќе воздушни танкери, како и проектот на НАТО за летачка обука за Европа преку најсовремена обука за пилоти, со намалување на трошоците и зголемување на интероперабилноста.

Алијансата значително ја зајакна својата способност за разузнавање, надзор и извидување преку флота од пет беспилотни летала, обезбедувајќи постојан воздушен надзор над широки области и територија на сојузниците во сите временски услови, користејќи интеграција на разновиден спектар на сензори и извори на податоци (разузнавањето игра клучна улога во информирањето на високото раководство на НАТО и донесувањето важни одлуки). Постојаниот надзор на Алијансата беше дополнет и со Иницијатива за вселената, со цел да се воспостави систем на национални и комерцијални вселенски средства како што се сателитите, искористувајќи ги најновите достигнувања во вселенската технологија. Оваа иницијатива користи напредни технологии како вештачка интелигенција за управување со големи количини на податоци, нивна анализа и достава до носителите на одлуки и воените команданти на НАТО.

Производство во одбраната и соработката со индустријата е клучен приоритет за НАТО, посветен на ефикасна соработка со одбранбената индустрија. Во таа насока, генералниот секретар во своето обраќање до индустрискиот форум на НАТО изјави: „Соработката помеѓу НАТО, сојузниците и индустријата од ден на ден станува сè посилна, затоа што сега повеќе од кога било, безбедноста е заедничка одговорност“. Главниот канал за ангажирање на НАТО со индустријата е Индустриската советодавна група, а соработката се одвива преку претставници од одбранбената индустрија на сојузничките и партнерските земји. Акцелераторот на НАТО за иновации во одбраната е дел од поширок одговор на предизвикот за иновации. Соработува со искусни и со почетни компании, обезбедувајќи грантови и иницијативи со брзорастечка мрежа на тест-центри во иновациите. Целта е да се создаде нов сојуз на иноватори и претприемачи кои можат да помогнат во опремувањето на НАТО со алатките што му се потребни за зачувување на мирот и безбедноста. ■






# ВОЈСКАТА И ДЕМОКРАТИЈАТА

Пишува: м-р Ксенија Митева

Незадржливиот тек на демократизацијата на општеството претставува нужно менување на високиот политички статус на воената хиерархија. Војската сама по себе не е демократска институција. Затоа, демократското плурално општество не може да се оствари без создавање и одржување на одреден хоризонт на заеднички и општи потреби и интереси, односно постоење на консензус за основните општествени вредности.

Токму овде своето место треба да го најде и одбраната на општеството. И во мноштвото идеи, програми и интереси, мора да постои одреден квантум на потреби околу кои се создава единството и кохезијата на една заедница. Неопходна е афирмација на таквите идеи, вредности и категории кои овозможуваат усогласување и мирно решавање на различни спротивставени тенденции кои ќе бидат фактори на единството.

Одбраната на заедницата несомнено е една од вредностите околу кои треба да се поврзат различните политички и национални интереси, и тоа не е заради некои притисоци чија заднина лежи во некаков ирационален страв или заради некаков параден патриотизам, туку превенствено од аспект на рационалноста и ефикасноста во остварувањето на оваа функција од егзистенцијално значење за сите општествени субјекти.

Денес, идентификувани се добри причини за сè поголемата важност на прашањето за демократска контрола на вооружените сили кои во блиска иднина ќе влијаат на поголема важност на ова прашање во однос на други глобални безбедносни трендови. Контролата, како универзална менаџерска функција, е неопходна, бидејќи ги посочува евентуалните отстапувања, грешки и слабости во работењето на самата институција, кои понатаму можат да послужат како основа за корекции во работата во наредниот период. Ова сознание за институциите е од непроценливо значење, бидејќи им овозможува да согледаат дали динамиката на работите се одвива според планираното и навреме да ја согледаат потребата од евентуални корекции во работењето и преземените активности, со цел да се изврши поставената цел на самата институција.

Составен дел во работата на без-

бедносниот сектор е контролата, која е многу важна компонента на демократскиот процес, и се јавува во сите негови институционални фази. Од една страна, целта на контролата на безбедносниот сектор е со неа да се обезбеди законитост и целисходност во работата и остварување на јавните интереси во рамките на правниот поредок и, од друга страна, со контролата на безбедносниот сектор се овозможува заштита на граѓаните и на нивните организации од противправни акции на одредени сегменти на безбедносниот сектор.

Утврдувањето на функциите на војската во демократскиот политички систем не е техничко или воено прашње. Неговата суштина е првенствено политичка, бидејќи укажува на главните причини заради кои се организира воената сила во општеството и ги посочува основните пунктови на нивното ангажирање. Затоа, тие се дефинираат во основниот и највисок правен акт на државата, како уставни функции на војската. Тоа е начин на директно подведување на војската под уставот, односно лимитирање на нејзината дејност во рамките на она што им е доверено со уставот.

Современата состојба се карактеризира со такво влијание на војската во политиката, кое се остварува преку користење на легалните политичко-институционални канали и механизми. Секако, тоа не би било можно без согласноста на цивилниот фактор. Па, наместо стравот од нивно спротивставување и конфронтирање, современиот свет е соочен со една нова опасност од нивно тесно поврзување, во контекст на општото јакнење на бирократијата и на егзекутивните државни органи за сметка на претставничките законодовани тела. На овој начин војската е во позиција позначително да ја обезбеди својата привилегирана општествена положба. Од друга страна, за вистинските носители на цивилната власт, војската е подеднакво интересна од економски, внатрешнополитички и надворешнополитички аспект. Кога е очигледно дека со вакви проблеми сè уште се соочуваат и земји со долга демократска историја и традиција, дотолку станува појасна перспективата и за потенцијалните проблеми. Затоа, во сите политички системи, како еден од посебно важните проблеми се издвојува прашањето за модалитетите и механизмите низ кои најуспешно може да се оствари ефикасна и континуирана контрола над нејзиното дејствување. Анализата покажува дека во теоријата, а уште повеќе во практиката, егзистираат две основни насоки на размислување и конкретно решавање на овој проблем. Основниот облик на цивилна контрола над војската е карактеристичен за плуралните општества, и во тие услови војската им се подредува на политичките и државните фактори и институции кои се основни носители на оваа контрола. Оваа дејност се врши со основна цел: дистанцирање на војската од центрите на политичката моќ и гарантирање на слободата и интегритетот на цивилното општетсво. Неспорно е дека државните институции се оние кои ја вршат оваа контрола, а прашањето кое евентуално може да се постави се однесува на нивните интеграции имеѓусебните односи. Утврдувањето на функциите на војската во демократскиот политички систем не е техничко или воено прашање. Неговата суштина првенствено е политичка, бидејќи укажува на главните причини заради кои се организира воената сила во општеството и ги посочува основните пунктови на нивното ангажирање. Затоа, тие се дефинираат во основниот и највисок правен акт на

државата како уставни функции на војската. Тоа е начин на директно подведување на војската под уставот, односно лимитирање на нејзината дејност во рамките на она што им е доверено со уставот.

Всушност, целосна и апсолутна контрола над војската во секое општетсво е тешко остварлива задача. За да се зборува за демократска власт, неопходно е цивилната контрола над војската да не се претвори во апсолутно располагање со нејзината моќ и ставање во функција на конкретна политичка опција. Носителите на оваа контрола мора да бидат ограничени во рамките на уставот и законите. Затоа, најпосакуваниот облик и степен на цивилна контрола над војската може да се разреши единствено во контекст на општата демократизација на општетсвото, како еден значаен аспект на општиот однос меѓу политичката власт и војската. ■





# Мета-лидерство: Современ пристап за македонската армија



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Традиционалните командни хиерархии сè почесто се доведуваат до точка каде се преиспитува нивната применливост во модерните сложени безбедносни предизвици. Тие, почнувајќи од колективните операции на НАТО и хибридните закани до природните катастрофи дома, во регионални па и светски рамки, бараат нов вид лидерство, а тоа е мета-лидерството. За разлика од класичните стилови кои се фокусираат само на единица или ланец на командување, мета-лидерството дава подготвени воени лидери кои се способни да работат преку граници, организации, па дури и нации, градејќи единство на напорите во моменти на неизвесност. Македонската армија, која има двојна улога, како национална одбранбена сила и НАТО членка, во мета-лидерството наоѓа силна рамка на дејствување. Ја зајакнува соработката, ја подобрува подготвеноста и им помага на лидерите да создадат доверба низ целиот ланец на командување и пошироко.

## Суштината на мета-лидерството

Мета-лидерството е изградено врз три столба: личноста, ситуацијата и поврзаноста

Личноста нагласува самодисциплина, отпорност и емоционална интелигенција. Лидерите кои можат да управуваат со сопствениот стрес, да се смирени и да имаат самодоверба, создаваат стабилност во хаосот.

Ситуацијата бара широк поглед, движејќи се подалеку од конкретните (тактички) задачи за да се види целосната оперативна средина. Лидерите мора да ги поврзат точките помеѓу воените мисии, политичката реалност и цивилното население.

Поврзаноста е срцето на мета-лидерството: здружување на единици, команди, сојузници и цивилни партнери за да дејствуваат како еден тим.

За офицерите и подофицерите на Армијата, ова не е теорија, тоа е секојдневна реалност. Без разлика дали се распоредени во мисии на НАТО во странство или обезбедуваат помош при катастрофи дома, тие мора да се координираат со полицијата, министерствата, сојузниците, локалните власти, со НВО групите за поддршка и слично.

## Подофицерскиот кор: 'Рбет на мета-лидерството

Во секоја модерна армија подофицерскиот кор обезбедува континуитет и е професионален столб на лидерството. Ова е особено точно за главните подофицери во нашата армија.

Главните подофицери претставуваат стабилна врска помеѓу командантите и војниците. Во рамките на моделот на мета-лидерство, тие не се само дисциплинари и луѓе кои обезбедуваат дека обуката се изведува според стандардите, туку и сврзно ткиво на целиот систем. Тие ја пренесуваат намерата на командантот до „последниот војник", додека ги пренесуваат потребите и повратните информации од војниците до врвот.

Главниот подофицер, којшто практикува мета-лидерство, прави повеќе од спроведување на наредби - тој или таа гради мрежи на доверба: со офицерите, со колегите во други единици и со авторитети на цивилни институции за време на заеднички операции. Улогата на подофицерите е неопходни за успехот на концептот „Mission Command", каде што командантите поставуваат јасна намера, а им даваат на подредените слобода на дејствување.

## „Mission Command" и мета-лидерство: Совршен спој

„Mission Command" е во срцето на модерната доктрина на НАТО и сè повеќе се имплементира во обуката и операциите на Армијата. Концептот ги овластува подредените со фокусирање на намерата, а не на микро-менаџментот.

Мета-лидерството го засилува концептот „Mission Command" со тоа што обезбедува намерата да тече не само вертикално во рамките на единицата, туку и хоризонтално низ единиците и цивилните организации. Додека „Mission Command" овозможува иницијатива, мета-лидерството обезбедува иницијативата да биде усогласена и поврзана со пошироки цели.

На пример, во мултинационална вежба или во мировна мисија, лидерите на Армијата може да имаат тактичка слобода, но успехот зависи од нивната способност да ги поврзат своите дејства со сојузниците од НАТО и цивилните организации. „Mission Command" им овозможува да дејствуваат смело и во насока на намерата на командантот, додека мета-лидерството обезбедува тие дејства да ја зајакнат колективната мисија.

## Потреби за идни обуки

Ако мета-лидерството треба да се вкорени во македонската армија, тоа мора да биде преку обука, односно практично. Неколку области се издвојуваат како приоритети. Ова подразбира дека мора да се најде модел на образование при кое подофицерите и офицерите ќе работат (ќе се образуваат) заедно како тим. Еден од тие модели би бил Курсот за командири на водови и Напредниот курс за подофицери, односно Курсот за командири на чети и Курсот за први подофицери на чета да се изведуваат истовремено и на исто место со интероперабилни планови за двата курса со планирана заедничка работа на терен, така што би се зголемило меѓусебното разбирање помеѓу офицерите и подфицерите на сите нивоа, што е од исклучително значење во мета-лидерството.

Курсеви за развој на лидери: Образованието на подофицерите и офицерите треба да интегрира модули за адаптивно лидерство, меѓуагенциска соработка и комуникација во кризи.

Обука базирана на сценарија: Вежбите треба да вклучуваат не само симулации на борба, туку и сценарија за соработка во повеќе домени и цивилно-воена соработка, каде што лидерите мора да се координираат со полицијата, невладините организации и меѓународните партнери.

Програми за менторство: Вишите подофицери, особено главниот подофицер, треба да ги менторираат помладите лидери за градење доверба, комуникација и системско размислување.

Емоционална интелигенција и управување со стрес: Лидерите кои можат да останат смирени кога се под притисок и да одржат кохезија во неизвесност ја отелотворуваат димензијата „личност на мета-лидерството".

Со вградување на овие вештини во својот систем за професионален развој, Армијата гарантира дека идните лидери не се само воини, туку и градители на мостови и системски поврзувачи.

## Модел на лидерство за иднината на НАТО

За Армијата, мета-лидерството не е апстрактна идеја - тоа е практична алатка за градење кредибилитет и подготвеност во 21 век. Мета-лидерствотот ги зајакнува офицерскиот и подофицерскиот кор, го подобрува спроведувањето на концептот „Mission Command" и ги подготвува лидерите да се соочат со сложени мисии дома и во странство.

Како што Армијата продолжува да се професионализира во рамките на стандардите на НАТО, усвојувањето на мета-лидерството ќе обезбеди нејзините лидери да бидат вешти, не само во тактиките и стратегијата, туку и во уметноста на обединување на луѓето, системите и мисиите под една заедничка цел.

Во свет каде што ниедна воена сила не дејствува сама, способноста да се води надвор од авторитетот не е опција, туку е иднината. ■





# ВОЕНАТА ЕТИКА ВО СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ (ПРВ ДЕЛ)



Пишува: Виктор Крстевски

Историјата на човештвото е исполнета со непријателства, судири на интереси, физички пресметки, борби помеѓу поединци, како и битки и војни помеѓу здружени и организирани заедници и групи на луѓето. Ваквите непријателства помеѓу луѓето, насочени кон физичка елиминација на противникот поради остварување на цели и интереси или поради наметнување волја на владение, ја имаат обележано севкупната човекова цивилизација. На почетокот тоа се изолирани судири помеѓу поединци, меѓутоа со здружување на луѓето во заедници, демострацијата на сила и моќ на една заедница добива организиран карактер на дејствување. Без разлика дали се работи за колективна безбедност или колективни походи на освојување,

***„И му рече Каин на својот брат Авел: Да појдеме в поле. А, кога беа во полето, Каин скокна на својот брат Авел и го уби". Библијата, Книга на постанокот (Genesis) 4:8***

човечкиот род станува зависен од таканаречениот феномен „волја за моќ". Војната може да се набљудува како составен дел на човековата цивилизација, проследена со убивање и разурнување, проследена со уништувања, страдања и загуби на човечки животи. Но, во војната постои едно прашање кое ја надминува стратегијата и политиката, а тоа е прашањето за етиката во војувањето. Дали убивањето во војна е морално оправдано и, ако е, тогаш кои се рамките на оправданоста? Тука во оваа морална дилема се јавува етичкиот парадокс. Убивањето е едно од најтешките злостори против човечкото достоинство. Сепак, во воена состојба, државите и армиите го претвораат тоа дело во „должност". Војникот е пофален ако ја исполни својата задача, а осуден ако одбие да учествува во борбата. Овој парадокс ја става етиката пред најголемиот предизвик: како да се оправда одземање на човечки живот во име на повисока цел?

Уште од I век од н.е. па до денес, во период од речиси 2000 години историја, човештвото постојано војувало, така што историчарите сметаат дека имало најмалку 1000

големи војни, а доколку се земат предвид сите востанија, бунтови и граѓански судири, таа бројка достигнува и над 3000 судири. Според Институтот за истражување на конфликти (Uppsala, SIPRI), се смета дека од 1945 до 2025 година се водени над 250 вооружени конфликти, од кои 40 до 50 имале карактер на поголеми војни, каде што се проценува дека бројот на жртвите варираат помеѓу 40 до 60 милиони луѓе.

Во Втората светска војна (1939 – 1945 г.), според историските податоци на Yad Vashem, United States Holocaust Memorial Museum, (германски архиви), вкупниот број на жртви изнесува 70-85 милиони (21-25 милиони војници и 50-60 милиони цивили). Само во концентрационите логори (Аушвиц, Треблинка, Собибор, Белжец, Мајданек, Дахау, Бухенвалд и др.), бројот на жртвите изнесува 11-12 милиони, од кои: Евреи околу 6 милиони, советски воени заробеници 3-3,5 милиони, Полјаци 1,8-2 милиони, Роми околу 220.000-500.000, хендикипирани лица елиминирани во акцијата „Т4" околу 250.000 и стотици илјади политички противници и неистомисленици, свештеници, хомосексуалци итн.

Употребата на атомската бомба во Хирошима (6 август 1945 г.) и Нагасаки (9 август 1945 г.), му дава нова димензија на војувањето каде што поседувањето на оружје за масовно уништување станува симбол на воена моќ преку кое доминантната воена сила за кратко време може да изврши целосно истребување на една цела популација во зоната на дејство (војници, цивили, жени и деца). Во Хирошима, веднаш по експлозијата, загинале 70-80.000 луѓе (до крајот на 1945 година бројот на жртвите се искачил на околу 140 000), додека во Нагасаки, веднаш по експлозијата загинале 40-50.000 луѓе (до крајот на 1945 г. бројката на жртви достигнала околу 70-80.000). Само една атомска бомба за неколку секунди одзела онолку животи колку што би биле уништени за неколку месеци жестоки воени судири со конвенционално оружје, на пример двете атомски бомби за неколку дена одзеле 200.000 животи, што е приближно половина од жртвите од Граѓанската војна во Шпанија (1936-1939 г.), каде што бројот на жртвите изнесува околу 500.000.

Користењето на хемиско оружје од страна на Ирак во воената интервенција против Курдите во рамките на операцијата „Анфал" во периодот од февруари до септември 1988 година, ќе резултира со 50.000-100.000 жртви според истражувањето на „Human Rights Watch", при што најпознат напад со хемиско оружје е извршен во градот Халабџа (Halabja/Helebce). Нападот е познат како „Масакарот Халабџа", во кој биле убиени 3200-5000 Курди.

Само од 2001 до 2024 година, според „Our World in Data", имало околу 150 вооружени конфликти ( просечно од 1 до 12 војни годишно), меѓу кои како поголеми конфликти се сметаат:





војната во Ирак (2003 –2011); војната во Аванистан (2001 – 2021); Сириската граѓанска војна продолжува во 2014 г.); војната во Јемен (продолжува 2014 г.), вооружени конфликти во Либија, во Судан, во Мали и во други региони; Руско-украинската војна, која сè уште трае и други. Вкупниот број на жртви од воените конфликти од 2001 до 2024 година според проценките на „Costs of War" изнесува од 4,5 до 4,7 милиони, од кои околу 67% од жртвите се цивилно население. Неофицијалните процени велат дека само САД во воените интервенции во Ирак, Авганистан и Сирија имаат потрошено околу 5,8 трилиони долари, што може да послужи како показател за големината на финансиските вложувања за поддршка на воените кампањи, не вклучувајќи ги тука материјалните трошоци настанати како резултат на разорнувањата од воените дејства.

Започнувајќи од Втората светска војна наваму,од страна на „Center for World Indigenous Studies" се регистрирани околу 181 настан за кои се смета дека имаат основа за геноцид. Доколку се направи строга класификација, може да се дојде до бројка од околу 50 геноциди на светско ниво за период од 86 години, сметано од 1939 година, со околу 50 милиони жртви. Меѓу најпознатите геноциди се вбројуваат Холокаустот со околу 11 милиони жртви за време на Втората светска војна, геноцид во Бангладеш со околу 3 милиони жртви во 1971 година, извршен од пакистанската армија, геноцидот во Камбоџа со околу 1,7-2 милиони мртви, извршен од комунистичкиот режим на Пол Пот и „Црвените Кмери" во период од 1975 до 1979 год., геноцидот над Курдите (операцијата „Ал-Анфал"), со околу 100.000-180.000 мртви, извршен од ирачката армија во периодот од 1986 до 1989 г., геноцидот во Руанда со околу 1 милион убиени Тутси, извршен од народот Хуту за неполни 100дена (1994 год.) и други. Би било неправедно да се изостави и братоубиствената војна помеѓу поранешните југословенски републики, особено војната во Босна Херцеговина со околу 100.000 жртви (8.000 само во Сребреница, геноцид), која се водеше во периодот од 1992 до 1995 година. ■



# Геопросторно разузнавање (GEOINT) – современ пристап во военото планирање операции

## Вовед

Геопросторното разузнавање(GEOINT) претставува еден од најсофистицираните сегменти во современите безбедносни и воени структури. Тоа обединува податоци од сателитски снимки, воздушни платформи и беспилотни летала со напредни аналитички техники за да создаде детална, динамична и точна слика за теренот и активностите во реално време.

Во денешниот безбедносен контекст, каде што прецизноста и времето се клучни фактори, GEOINT обезбедува клучна поддршка за донесување на стратешки и тактички одлуки.

## 1. Суштината и значењето на GEOINT

GEOINT ги комбинира технологиите на сателитското набљудување, дигиталната обработка на слики и просторната анализа за да создаде сеопфатна разузнавачка слика. Преку интеграција на визуелни и географски податоци, овој систем овозможува воените аналитичари и планери да ја разберат физичката, оперативната и демографската средина на делување. GEOINT се користи за мапирање на борбени зони, следење на движења на единици, идентификација на инфраструктурни објекти и анализа на теренски промени.




Слика 1: Сателитска снимка на урбана и рурална област со преклопени геопросторни податоци, која ја илустрира суштината на GEOINT.

## 2. Видови на слики и технологии

Во рамките на GEOINT се користат неколку категории на сателитски слики:

- Оптички слики (optical imagery) – користат светлина во видливиот и блискиот инфрацрвен спектар, овозможувајќи визуелизација на растителен покривач, топографија и инфраструктура.
- Радарски слики со синтетичка апаратура (SAR) – работат во микробранов спектар и обезбедуваат податоци независно од временските услови или видливоста.
- Хиперспектрална и мултиспектрална анализа – идентификува материјали и состојби на површината преку уникатни спектрални потписи, што е особено значајно за откривање на камуфлирани објекти или загадувања.



Пишува: Александар Петровски




Слика 2: Видови сателитски слики

### 3. Употребата на вештачката интелигенција при обработка на GEOINT податоци

Современите аналитички центри користат вештачка интелигенција (ВИ) и машинско учење за автоматска анализа на огромни количини на сателитски податоци. Алгоритмите се обучени да препознаваат промени на терен, нови објекти или движења во области со стратешко значење. Таквата автоматизација овозможува побрза интерпретација, поголема точност и навремено известување до командните структури.



Слика 3: Вештачка интелигенција во GEOINT

Во воената практика, GEOINT сликите се користат за анализирање на наклонот на теренот, за избор на позиции и за пресметка на линијата на видливост, што е клучно за ефективен артилериски оган. Со помош на овие податоци се намалува потребното време за идентификација на цели, а се зголемува прецизноста на ударите. GEOINT им овозможува на командантите да изберат оптимални позиции, безбедни коридори за движење и зони за евакуација.



Слика 4: GEOINT во артилериски и тактички операции

### 5. Предизвици и ограничувања

И покрај технолошкиот напредок, GEOINT се соочува со неколку ограничувања:

- голема количина на податоци што бара моќни компјутерски ресурси;
- влијание на атмосферските услови врз квалитетот на сликите;
- потреба од високо обучен персонал за анализа и интерпретација;
- прашања за приватност и меѓународна регулатива при користење сателитски податоци.

### 6. Идни насоки и развој

Брзиот развој на технологијата укажува дека иднината на GEOINT ќе биде насочена кон интегрирани разузнавачки системи со автоматизирана анализа во реално време.

Во следната декада се очекува примена на квантна обработка на податоци, паметни сензори и облачни инфраструктури за складирање и анализа на огромни бази на податоци што ќе ја зголеми способноста на армиите за предвидување и реакција.




Слика 5: Иднина на GEOINT

### Заклучок

Геопросторното разузнавање претставува мост помеѓу технологијата, аналитиката и стратегијата. Неговата примена овозможува точни и навремени информации за теренот, непријателските сили и потенцијалните закани, што е суштинско за планирање и спроведување на воени операции.

Со интеграција на GEOINT во системите за командување и контрола, современите армии добиваат способност за реалновременско донесување одлуки, подобрување на прецизноста на ударите и намалување на ризикот врз персоналот и ресурсите.

Во иднина, со дополнителна автоматизација и развој на вештачка интелигенција, GEOINT нема да овозможува само поддршка, туку ќе биде и активен фактор во одбранбеното планирање и во управувањето со кризни ситуации.

• **Објаснување**:

• 2005–2025 (историја): Прикажува континуиран раст на употребата на GEOINT, од скромни почетоци до значајна интеграција во воените и безбедносните системи.

• 2026–2045 (предвидување): Се очекува понатамошен раст и високо ниво на употреба, благодарение на автоматизацијата, вештачката интелигенција и новите технологии како квантна обработка и паметни сензори.

Примери 1, 2 и 3 – слики за реални сателитски снимки на градот Солендар во 2022 година (Украина) и во 2023 година, низ временска разлика и анализа на погодоци од јануари 2023 година. ■



# "EXERCISE STONE WALL




25"



# Несмртоносно оружје „Тејзер 10“



Пишува: Александар Стојчевски

„Тејзер 10“ („Taser 10“) е најновата генерација на електрошок оружје од компанијата „Axon“, развиено со цел да ја подобри безбедноста на службените лица и да овозможи контролирање на насилни ситуации со минимално физичко оштетување на целта. Тоа е несмртоносно оружје кое дејствува преку електрични импулси кои привремено ја нарушуваат невромускулната контрола на телото на лицето кон кое е насочено. Иако терминот „несмртоносно“ не значи дека не постои никаков ризик по животот, „Тејзер 10“ и сличните уреди се дизајнирани да ги минимизираат трајните последици и да се користат како хумани алтернативи на огненото оружје. Развојот на оваа технологија е резултат на повеќедецениска еволуција на безбедносната индустрија, со постојано стремење кон прецизност, контрола и отчетност.

Историјата на оружјето „Тејзер“ започнува во 1970-тите години, кога Џек Кавер, американски истражувач и поранешен вработен во НАСА, го патентирал првиот прототип. Првиот модел не користел барут, бидејќи тоа би го категоризирало уредот како огнено оружје според тогашните федерални закони. Наместо тоа, Кавер дизајнирал уред што користи компримиран гас за лансирање на две електроди прикачени на жици, кои испраќаат електричен шок при контакт со кожата или облеката. Во текот на следните децении, технологијата напредувала во насока на поголем опсег, по-



сигурна активност и намалување на ризиците. Со доаѓањето на компанијата „Taser International“, денес позната како „Axon“, започнува комерцијализацијата и масовното производство на уредите, особено за полициските и безбедносните служби.

Оружјето „Тејзер 10“ е претставено во 2023 година и е кулминација на оваа еволуција. Овој модел значително се разликува од своите претходници поради неколку технолошки иновации. Прво, тој овозможува до десет последователни лансирања на електроди, без потреба од повторно полнење, што им дава на службениците далеку поголема флексибилност во критични ситуации. Второ, далечината на дејствување е зголемена на околу 13,7 метри, речиси двојно повеќе од „Тејзер X26“ или „X2“. Уредот користи напреден систем за стабилизација на траекторијата на електродите, што значи дека веројатноста за успешен кон-

такт со целта е поголема, дури и кога целта е во движење или се наоѓа во нестандардна позиција.

Еден од клучните аспекти на „Тејзер 10" е неговата прецизност. Уредот е опремен со ласерски нишан и дигитален систем за балистичка пресметка, што му овозможува на корисникот да предвиди каде точно ќе се забијат електродите. Покрај тоа, секоја употреба автоматски се евидентира, со вклучени временски ознаки, што придонесува кон поголема транспарентност и одговорност во постапките на полицијата. Овој тип на дигитална евиденција се зачувува и може да биде презентиран како доказ во случаи на внатрешни истраги или судски процеси, што го прави уредот посоодветен за современите стандарди на отчетност.

Во практиката, „Тејзер 10" веќе наоѓа широка примена. Во САД, тој е дел од стандардната опрема на голем број полициски единици, а исто така почнува да се имплементира во безбедносните структури на Канада, Велика Британија, Австралија и делови од Европа. Причината за ваквата рашипеност не е само технолошкиот напредок, туку и етичката димензија – сè повеќе влади и јавноста се противат на прекумерна употреба на смртоносна сила, па бараат решенија кои ќе го зачуваат јавниот ред и мир, без да предизвикуваат фатални последици. „Тејзер 10" се вклопува токму во таа парадигма, нудејќи контрола и онеспособување без смртоносни резултати.

Меѓу позитивните аспекти на „Тејзер 10" се издвојуваат неколку: намалување на смртни случаи во полициски интервенции, намалување на физичките повреди кај службениците и осомничените и зголемување на можноста за контролирање на ситуациите без употреба на огнено оружје. Исто така, неговата употреба често има психолошки ефект на одвраќање – самото присуство на „Тејзер" и предупредувањето дека ќе биде употребено, може да ја намали агресијата кај потенцијалниот сторител. Дополнително, уредот е лесен за ракување и може да се користи и во услови на ограничена видливост, со оглед на тоа што е опремен со светлосни и звучни сигнали за подобра ориентација.

Сепак, и покрај сите позитивни страни, употребата на „Тејзер 10" не е без контроверзии. Една од најголемите критики е поврзана со ризикот по здравјето на лицата што ќе бидат погодени. Иако е дизајниран како несмртоносен, постојат бројни документирани случаи каде што употребата на „Тејзер" довела до срцев удар, респираторна слабост или смрт, особено кога биле погодени лица со срцеви заболувања, под дејство на наркотични средства или во психолошка криза. Во некои случаи, лошата процена на ситуацијата од страна на полицијата довела до несоодветна употреба – на пример, употреба против млади лица, повредени или лица кои не претставувале непосредна закана.

Друга слабост е техничката доверливост. Иако „Тејзер 10" има високо ниво на сигурност и самодијагностика, постојат случаи кога уредот не успева да оствари целосен електричен контакт – на пример, ако електродите не се забијат правилно или ако ја промашат целта. Во такви ситуации, службеникот мора веднаш да реагира со алтернативна тактика, што бара дополнителна обука и ментална подготвеност. Поради ова, тренингот за користење на „Тејзер 10" е интензивен и вклучува не само технички аспекти, туку и процена на ризик, правна основа за употреба и основи на преговарање и деескалација.

Правниот аспект на употребата на „Тејзер 10", исто така е значаен. Во повеќето земји уредот се смета за средство за принуда од среден степен и неговата употреба мора да биде оправдана, со јасни закани по безбедноста на службеникот или други лица. Во случаи кога употребата не е пропорционална со ситуацијата, полицајците можат да се соочат со дисциплински, граѓански или кривични последици. Затоа, многу полициски агенции усвојуваат строги протоколи и водат детална документација за секоја употреба на ваков уред, со цел да се заштитат и службениците и граѓаните.

„Тејзер 10" претставува значаен напредок во областа на несмртоносната безбедносна технологија. Со подобрена прецизност, зголемен опсег, можност за повеќекратно дејствување и дигитална отчетност, тој одговара на потребите на модерната полиција за ефикасна, но хумана примена на сила. Сепак, неговата употреба мора да биде придружена со јасна регулатива, квалитетна обука и постојана процена на ризикот, бидејќи секоја технологија, без разлика колку е напредна, може да предизвика сериозни последици ако се користи неодговорно. Во времиња кога јавната доверба во безбедносните служби е клучна, токму одмерената и одговорна употреба на средства како „Тејзер 10" може да направи разлика помеѓу ефективна полициска работа и загрозување на човековите права. За во иднина останува предизвикот да се пронајде баланс меѓу заштитата на јавната безбедност и почитувањето на достоинството и здравјето на секој човек, а ваквите уреди, користени со почит и разум, можат да бидат важна алатка во таа мисија. ■





# ИНТЕГРИРАН МОДЕЛ ЗА КЛАСИФИЦИРАНА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА СО VPN ПРИСТАП ЗА СОВРЕМЕНИ ВОЕНИ ОПЕРАЦИИ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

## Вовед

Современите воени операции се потпираат на сигурна, брза и непрекината размена на информации. Секоја одлука што ја носат командантите и секоја акција на терен зависи од тоа колку ефикасно може да се пренесе податокот до вистинските луѓе во вистинско време. Затоа, класифицираните комуникациски мрежи се основа на современата воена инфраструктура. Сепак, постојните решенија често имаат ограничувања: тешко се достапни однадвор, не обезбедуваат целосна флексибилност при користење и имаат одредени безбедносни празнини што можат да бидат искористени.

Еден од најважните предизвици е како да се овозможи безбеден пристап до класифицирани системи и за припадници кои се наоѓаат надвор од границите на државата или учествуваат во меѓународни мисии. Одовде доаѓа потребата од интегриран модел кој ја комбинира класичната класифицирана мрежа со современи VPN решенија. Ваквиот пристап, не само што би ја зголемил ефикасноста во комуникацијата, туку и би ја зајакнал безбедноста преку дополнителни слоеви на енкрипција и контрола на пристап.

Во овој напис ќе се разгледаат принципите на таков интегриран модел, со визуелна претстава на неговото функционирање и графичка анализа која покажува како се подобруваат ефикасноста и безбедноста при неговата примена. На тој начин ќе се добие јасна слика колку потенцијал има еден ваков концепт за да стане практично решение за идните воени операции.

## Концепт на интегриран модел

Интегрираниот модел за класифицирана комуникациска мрежа со VPN пристап претставува современо решение кое комбинира традиционални безбедносни протоколи со нови можности за далечински и сигурен пристап. Целта е да се овозможи непречена и доверлива комуникација за сите припадници на Министерството за одбрана и Армијата, без разлика дали се наоѓаат во државата или учествуваат во меѓународни мисии.

Овој модел е потребен затоа што постојните класифицирани мрежи се ограничени поради тоа што дозволуваат користење само од строго контролирани локации. Припадници што се распоредени надвор од границите на државата честопати немаат директен пристап до своите службени мрежи (account), што ја забавува комуникацијата и создава оперативни празнини. Со воведување на интегриран модел, се постигнува повисоко ниво на флексибилност, без притоа да се компромитира безбедноста.

## Интеграција на VPN технологијата со постоечката класифицирана мрежа

Во новиот концепт, VPN технологијата делува како дополнителен слој за енкрипција и заштита на пристапот. Секој корисник

што се поврзува однадвор ќе воспостави VPN тунел кој е шифриран со највисоки стандарди за безбедност (на пр. AES-256 или постквантни алгоритми). Овој тунел обезбедува дека комуникацијата е непробивна, дури и ако минува преку јавни мрежи.




*Слика бр.1 Визуелизација на интегрираниот модел за класифицирана комуникациска мрежа со VPN пристап*

Интеграцијата се врши на начин што VPN серверите се сместени во заштитен сегмент од класифицираната мрежа. На тој начин, корисниците, со валидна автентикација можат да пристапат до своите мрежи и бази на податоци, без да ја компромитираат интегритетната заштита на системот. Ова решение создава баланс помеѓу безбедноста и оперативната достапност.

Сликата го прикажува концептот на интегрираниот модел за безбедна комуникација. Корисниците во државата имаат директен пристап преку внатрешната класифицирана мрежа, додека корисниците надвор од државата се поврзуваат преку VPN клиент. Податоците минуваат низ енкриптиран VPN тунел кон централните сервери со класифицирана база, заштитени со „firewall“ и IDS/IPS системи кои обезбедуваат дополнителна сигурност и контрола на пристапот.

Сликата ја претставува архитектурата на безбедна мрежа во форма на поврзани елементи кои функционираат како синџир. Секој сегмент има клучна улога:

- Корисниците во државата имаат директен пристап до серверите преку безбедни воени терминали.
- Корисниците надвор од државата користат VPN тунел со енкрипција за да воспостават сигурна врска преку јавен интернет до класифицираната инфраструктура.
- Firewall и IDS/IPS системите се клучни заштитни слоеви кои ги филтрираат врските, детектираат и спречуваат обиди за упади.
- Командните центри се поврзани со централните сервери за координација на операции во рамките на државата.
- Сојузничките мрежи овозможуваат интеграција со партнерски воени сили при заеднички меѓународни мисии.

Со оваа архитектура мрежата функционира како поврзан систем каде секој елемент е неопходен за да се обезбеди непрекината и сигурна комуникација во современите воени операции.

## Очекувани резултати од примената на предложениот модел

Имплементацијата на интегрираниот модел за класифицирана комуникациска мрежа со VPN пристап има цел значително да ги подобри постоечките капацитети на воените комуникации. Се очекува системот да обезбеди повисока ефикасност во преносот на информации и зголемена безбедност на податоците, особено во услови на меѓународни мисии и операции.

Графиконот ја прикажува споредбата помеѓу сегашната класифицирана мрежа и предложениот модел. Според податоците, интегрираниот модел обезбедува значително подобрување и во ефикасноста и




*Слика бр.2 Архитектура на безбедна комуникациска мрежа со интегриран VPN пристап*








во безбедноста, што го потврдува неговиот потенцијал како современо решение за воени комуникации.

Слика бр. 2 Споредба на сегашната класифицирана мрежа и предложениот модел

Графикот прикажува споредба на два клучни параметри: ефикасност и безбедност, меѓу сегашната класифицирана мрежа и предложениот интегриран модел со VPN пристап. Се забележува дека предложениот модел значително ја подобрува ефикасноста на комуникацијата (од 65% на 90%) и ја зголемува безбедноста на системот (од 70% на 95%). Ова укажува дека интеграцијата на VPN и дополнителните безбедносни слоеви може да ја трансформира мрежата во пофлексибилна и отпорна инфраструктура за современи воени операции.

## Заклучок

Интегрираниот модел за класифицирана комуникациска мрежа со VPN пристап претставува современ и иновативен пристап кон зајакнување на воените комуникации. Со неговата примена се надминуваат ограничувањата на постоечките решенија и се овозможува сигурен и флексибилен пристап до класифицирани информации и за припадници кои се наоѓаат надвор од границите на државата.

Овој модел, не само што обезбедува повисоко ниво на ефикасност преку побрза и пофлексибилна размена на информации, туку и значително ја зголемува безбедноста со дополнителни слоеви на енкрипција, контрола и заштита од сајбер-закани.

Воведувањето на оваа иновативна архитектура ќе придонесе за развој на поотпорен и доверлив систем кој ќе ја зајакне комуникациската инфраструктура во Министерството за одбрана и Армијата. На тој начин ќе се обезбеди посигурно, побрзо и поефикасно извршување на задачите и мисиите, што е клучен предуслов за успешно справување со предизвиците на современите воени операции. ■



# Систем за борба против беспилотни летала со ласерско вооружување HELMA-P

*Прототипот на ласерскиот вооружен систем за борба против дронови HELMA-P беше распореден за обезбедување на Олимписките и Параолимписките игри во Париз во 2024 година.*



Пишува: Идриз Идризоски

HELMA-P е систем за борба против беспилотни летала со ласерско вооружување, дизајниран да ги заштити чувствителните локации, воените бази, критичната инфраструктура и јавните собири од неовластени или непријателски дронови и останати беспилотни летала.

Почетокот на вооружениот систем датира од 2017 година, кога францускиот Генерален директорат за вооружување (DGA) и француската Агенција за иновации во одбраната (AID) го продолжија неговиот развој до 2021 година.

Компанијата „Cilas", развивач на ласерска и оптичка технологија со седиште во Франција, работеше на прототипот на системот за DGA. Системот бил избран за да ги заштити Олимписките игри во 2024 година од злонамерни дронови кои го користат своето ласерско оружје.

Компанијата потпиша клучен договор со националното тело за воздухопловни истражувања ONERA во јули 2023 година за понатамошен развој на ова ласерско оружје.

Системот HELMA-P е финансиски поддржан од Агенцијата за иновации AID, регионот Centre-Val de Loire и од воздухопловната компанија „ArianeGroup" со седиште во Франција.

Распоредувањето на системот HELMA-P ќе им овозможи на воените сили значително да ја нарушат реакцијата и одбранбените способности на непријателот пред да се случи каква било непријателска акција.

Детали за развојот на вооружениот систем HELMA-P

Системот HELMA-P беше подложен на ригорозна евалуација во копнена средина во Центарот за експертиза и тестирање на ракети на DGA во Бискарос во текот на 2020 и 2021 година, со импресивна стапка на успех од 100%.

Министерството за вооружени сили ја инициираше програмата „Lutte" против дронови (LAD) во февруари 2021 година, под водство на DGA, за да се спротивстави на брзорастечката закана што ја претставуваат мините и микро беспилотните летала (UAS). Програмата LAD се фокусираше на откривање, идентификација и неутрализација на беспилотни летала, што последователно го отвори патот за производство на првиот оперативен прототип на системот HELMA-P.

Агенцијата за иновации во одбраната (AID) одигра клучна улога во забрзувањето на проектот за иновации против дронови HELMA-P, при што компанијата „Cilas" ги предводеше кампањите за тестирање и демонстрација на локацијата на DGA „Missile Testing" во Ландес.

Француската одбранбена компанија DGA и го додели договорот за ласер за борба против дронови (L2AD) на компанијата „Cilas" во јуни 2022 година. Тој опфаќаше набавка на оперативен прототип на ласерски систем, способен за идентификување, следење и неутрализирање на мини и микродронови.

**Детали за вооружениот систем за борба против беспилотни летала HELMA-P со ласерски ефект**

HELMA-P е повеќекиловатен (kW) ласерски ефектор со модуларна архитектура и радикален ефект. Опремен е со купола со две оски, неопходна за справување со подвижни цели. Куполата носи сет оптички сензори и ласерско оружје. Системот е ефикасен на поголеми растојанија од другите технологии на системи за борба против беспилотни летала и може да изведува прецизни истрели во текот на денот или ноќта. Отпорен е на попречување и има екстремни можности за прикривање.

Системот HELMA-P нуди повеќеслоен пристап кон справување со заканите од беспилотни летала, почнувајќи од заслепување на опремата за надзор до неутрализирање на мини или микро беспилотни летала со тежина помеѓу 100 g и 25 kg, со менување на нивната структура, што резултира со нивно брзо спуштање и онеспособување.

HELMA-P може да се интегрира со различни системи за откривање и надзор, како што се оптички, радарски и звучни. Потребна е минимална логистика бидејќи не се потпира на муниција и е дизајниран да се справува со подвижни цели со екстремна прецизност.

Компатибилен е со кој било процес на команда и контрола (C2) или систем за управување со борба (BMS), овозможувајќи прецизен, моментален и континуиран оган.

**Карактеристики на ласерскиот систем HELMA-P**

Ласерскиот систем HELMA-P се карактеризира со својот широк оперативен опсег, способен да предизвика оптичко оштетување до 3.000 m и да одржува опсег на користење до 1.000 m. Неговите нивоа на моќност може да варираат од оптичко блокирање до целосно уништување или палење.

Системот користи ласерски зрак од повеќе киловати и нуди широко видно поле од +/- 180°. Работи ефикасно во широк температурен опсег од -30°C до 60°C, што се должи на неговата интегрирана термичка регулација.

Отсуството за побарувањата за муниција и неговата компатибилност со батерии и со изворите на електрична мрежа ја нагласува оперативната ефикасност и подготвеност на системот.

**Безбедносни карактеристики на HELMA-P**

Системот HELMA-P се одликува со зголемена безбедност преку разни напредни технологии и методологии за да се обезбеди темелно следење и





контрола, вклучувајќи метод на далечинско набљудување за детекција и опсег на светлина (LIDAR) и технологија за надзор со автоматско зависно емитување (ADS-B).

### Детали за тестирање на прототипот HELMA-P

Почетната недела од тестирањето, која беше дел од петнеделниот распоред, распореден помеѓу 2020 и 2021 година, даде ветувачки резултати, особено во однос на можностите за брза неутрализација на системот. Системот HELMA-P, монтиран на статив, ја демонстрираше својата ефикасност со „фиксирање“ на истрели на растојанија до еден километар, успешно уништувајќи неколку дронови во лет. Тест-кампањите, не само што го потврдија оперативното влијание на HELMA-P, туку и означија значаен чекор кон експерименталната употреба на енергетски ласери. Проектното инженерство на DGA (DGA IP) ги водеше техничките аспекти на проектот, тесно координирајќи се со вклучените центри.

Во јуни 2023 година, DGA, француската морнарица и „Cilas“ спроведоа тест-кампања за HELMA-P на фрегатата за воздушна одбрана „Forbin“ во Средоземното Море. По успешните копнени тестови, системот уште еднаш ја докажа својата прецизност и ефикасност на море, неутрализирајќи непријателски дронови и сигнализирајќи го потенцијалот за понатамошен развој на прототипови и евентуална интеграција во морнарички бродови.

### Детали за програмата PARADE

Програмата „PARADE“ беше најавена во април 2022 година за стекнување напредни системи за заштита за откривање, идентификување, класифицирање и неутрализирање на беспилотни летала преку попречување. Овие системи се дизајнирани да ја подобрат заштитата од 360° за чувствителни воени локации и витални оператори.

Системите ќе ги надополнат постојните ресурси против беспилотни летала во француската војска, вклучувајќи ги системите MILAD, ARLAD и BASSALT. Системот HELMA-P ќе може да се интегрира со системот PARADE, развиен од „Thales и CS Group“.

Со 100% успешност во погодување на беспилотни летала, HELMA-P (ласер со висока енергија за повеќекратни апликации , моќност) е дизајниран да се бори со беспилотни летала во лет (класа I) и против асиметрични закани. Системот е способен за откривање, идентификување, следење и неутрализирање на агилна цел со екстремна прецизност и во оперативните театри и во урбаните средини. HELMA-P е приспособен на возила, роботи, бродови и е интероперабилен со кој било систем C2 (команда и контрола) и BMS (систем за управување со борба). ■



# САМООДНА ХАУБИЦА 122 ММ „СОКОЛ“



Пишува: потполковник Славчо Кузманоски.

Самоодната хаубица 122 мм „СОКОЛ“ е современа мобилна хаубица која е наследник на веќе постоечките влечни хаубици 122 мм и истата е подготвена да одговори на предизвиците во делот на огнената поддршка. Се произведува во српската компанија „Југоимпорт“. За прв пат хаубицата е презентирана на саемот „SOFEX 2010“ во Јордан. Хаубицата, всушност, се базира на цевката D30 со калибар 122 мм, интегрирана на моторно возило 6x6. Поседува комплетна оклопна заштита за послугата и борбениот комплет на муниција од пешадиско вооружување и шрапнели, а зголемена е и отпорноста на самата платформа во делот на заштита од нагазни мини.

Хаубицата поседува исклучително огнена моќ благодарение на дострелот и на современиот систем за контрола на огнот. Има голема борбена автономија, со оглед на тоа што има голем борбен комплет на хаубицата. Хаубицата е високо мобилна и има полуавтоматски систем на полнење со пневматски потиснувач кога се работи со дводелна муниција.

За време на гаѓање при најразлични елевации, хаубицата е максимално стабилна затоа што на неа се интегрирани четири нивоа за стабилизација кои се хидраулично управувани. Хаубицата е дигитализирана до таа мера што системот за контрола на оган лесно се вмрежува во системот за управување со борбените дејства кој интегрира повеќе родови или видови на армијата. Хаубицата е наменета за уништување или неутрализирање на следниве видови цели: артилериски системи, минофрлачи и различни борбени и неборбени системи, жива сила во и вон заклон, утврдени објекти, објекти за логистика и складирање, командни места и објекти од особено значење за војската или индустријата.

Помошно вооружување на хаубицата е митралез 7,62 мм, а дополнително хаубицата има вградено и фрлачи на чадни кутии. ■

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „СОКОЛ“ 122 мм | |
|---|---|
| **Послуга** | 4 |
| **Калибар на цевката** | 122 mm |
| **Начин на работа** | полуавтоматски и рачен |
| **Дострел** | 15,3 km (со проектил HE)<br>21 km (со проектил HE-BB) |
| **Муниција** | Дводелна |
| **Борбен комплет на хаубицата** | 46 проектили |
| **Борбен комплет за помошното вооружување** | 5 б/к |
| **Хоризонтално поле на дејство** | Лево 35 степени, десно 35 степени |
| **Вертикално поле на дејство** | Од -5 до +65 степени |
| **Брзина на гаѓање** | 6 проектили за 1 минута |
| **Потребно време за премин од маршевска во борбена положба** | 60 секунди |
| **Потребно време за премин од борбена во маршевска положба** | 30 секунди |
| **Шасија** | „FAP“ 2228 |
| **Тип на мотор** | Daimler Chrysler OM 906 LA, Euro 3; 6.37 lit. 205 KW/279 HP |
| **Менувач** | Механички, рачен, синхронизиран |
| **Инсталација за централно регулирање на притисокот во пневматиците** | Опсег на регулирање 19.19-481.29 kPa |
| **Електроинсталација** | Номинален напон 24 V/DC<br>2 акумулатори од 143 A |
| **Борбена тежина** | 17 t |
| **Максимална тежина** | 22 t |
| **Максимална брзина** | 100 km/h |
| **Автономија на возилото** | 600 km |
| **Висина** | 3176 mm |
| **Должина** | 8385 mm |
| **Ширина** | 3090 mm |
| **Премин преку водени препреки** | до 1,2 m |
| **Вертикална препрека** | 0,63 m |



# Борбена сачмарка „SPAS-15"

Борбената сачмарка „SPAS-15" е развиена од италијанскиот производител „Franchi L", за која како основа е земена сачмарката „SPAS-12". Кратенката SPAS е добиена од зборовите Special Purpose Automatic Shotgun (специјално наменета автоматска сачмарка). „SPAS-15" има форма на јуришна пушка, а дизајнирана е првенствено за воени и полициски потреби. Оваа сачмарка има комбиниран систем на дејствување, односно има два принципи на функционирање што може да се изберат, овозможувајќи им на корисниците да користат полуавтоматско дејство или рачно репетирање со пумпање, што е ретко видено кај борбените сачмарки. Во полуавтоматскиот режим се користи позајмување на барутните гасови со краток од на гасниот клип. Во режим на пумпање, истите компоненти се движат со повлекување на предниот ракофат наназад. Режимот на пумпање е применет за сигурно испукување муниција со низок притисок, како што се несмртоносни патрони (гумени проектили или пластични сачми), или можност за испукување солзавец. Префрлувањето помеѓу режимите на пукање се врши со притискање на копчето поставено на горниот дел од предниот ракофат и негово лизгање малку напред за полуавтоматско дејство или малку назад за пумпање. Префрлувањето помеѓу режимите на пушката е означено со црвени маркери PUMP и AUTO. Сандакот (куќиштето) на пушката се изработува од пресувани алуминиумски лимови. Пиштолскиот ракофат и предниот ракофат се изработени од полимер. Првите верзии на пушката имале фиксен дрвен или преклопен метален цевкаст кундак. Подоцнежните верзии имаат полимерски преклопен или фиксен кундак. Кога кундакот е склопен (од левата страна), без никакви проблеми може да се дејствува од оружјето. Завршна обработка за заштита на металните делови е изведна со паркеризација. Нишаните на пушката се мошне едноставни и се составени од преден механички нишан со мушичка (приспособена по елевација) и заден фиксен механички нишан со „V" нарез. Рачката за репетирање е навртена на носачот од затворачот, а за полесна манипулација е поставена на горниот дел од сандакот и е заштитена со рачката за транспорт. Таа е подвижна за време на пукањето. Гасната комора и гасниот цилиндар се наоѓаат над цевката. Над цевката е поставен и склопот на репетирачкиот систем составен од гасен клип, метално водиште, поврзани со метален потпирач (има улога и на потиснувач на гасниот клип), кој од другата страна е поврзан со две метални прачки кои имаат улога на потиснувачи, наменети да го пренесат потребниот импулс на двојните водилки со повратните пружини од повратниот механизам за да се произведе работниот циклус при испукување. Во горниот сандак е сместен системскиот склоп составен од носачот на затворач со затварачот, кои се монтирани на повратниот механизам составен од двојните водилки со повратни пружини, кои се потпираат на отстранливата задна плоча на приемникот. Овој системски склоп може да се отстрани како еден целина за полесно одржување. Механизмот на чкрапалото поседува SA (Single-Action) механизам на дејство. Лостот на првата мануелна кочница е поставен во внатрешноста на штитникот на чкрапалото (од левата страна напред) со позиции F (Fire) и S (Save). Копчето на втората мануелна кочница се наоѓа на задниот ракофат. Кога копчето од оваа кочница не е притиснато, запнувачот е заклучен, спречувајќи го отпуштањето на удирачот на ударната игла, што спречува и случајно испукување на оружјето ако падне на земја. За поголема заштита цевката и гасната комора се обложени со заштитен хромиран слој. Однатре цевката е мазна, а напред поседува навој за монтирање на разни видови заменливи и дополнителни уреди, како што се чокови, компензатори и фрлачи на гранати за солзавец.



Пишува: Ивица Дамески




## Објаснување на пресек-сликата Пресек-слика на „SPAS-15"

1.Гумен амортизер на кундакот
2.Цевкаст кундак на склопување
3. Елемент за спојување на кундакот и сандакот
4.Приемник со вграден одбојник
5.Чивија за фиксирање на склопот
6.Носач на затворач
7.Рачка за репетирање
8.Две водишта со повратни пружини
9.Затворач со 3 брадавици за бравење
10.Рачка за носење
11.Горен сандак
12.Заден механички нишан со „V" облик
13.Метален штитник
14.Копче за приспособување на принципот на работа
15.Водиште на гасниот клип
16.Гасен клип




„SPAS-15“ стандардно се полни со метална рамка за муниција со капацитет од 6 патрони. Дополнително се развиени рамки за муниција со капацитет од 3 и 8 патрони. За основно расклопување на пушката не е потребен алат, но развиена е една мултифункционална алатка за негово детално расклопување. За потребите на армиите или безбедносните служби, пушката ја набавиле 10-тина држави, помеѓу кои е и соседна Србија. ■



17.Гасен цилиндер
18.Преден механички нишан
19.Затворач на гасниот цилиндер
20.Чок
21.Цевка
22.Полимерски преден ракофат
23.Пружина од рамката за муниција
24.Челична еднoредна рамка за муниција
25.Лост за ослободување на рамката за муниција
26.Од левата страна е поставен лост на мануелна кочница
27.Чкрапало
28.Втора мануелна кочница
29.Заден ракофат
30.Полимерско куќиште на склопот од механизмот на чкрапалото
31.Чивија за фиксирање на полимерското куќиште

| Тактичко-технички карактеристики на „SPAS-15“ | |
|---|---|
| Калибар/ муниција | 12 gauge/ 18,53x70 mm |
| Должина со метален кундак | 970 mm (755 mm склопен) |
| Должина со полимерски/дрвен кундак | 1.000 mm |
| Должина на цевката | 450 mm |
| Должина на нишанска линија | 335 mm |
| Висoчина со рамка за муниција | 275 mm |
| Висoчина без рамка за муниција | 235 mm |
| Широчина | 49 mm |
| Тежина, празна, со метален кундак | 3.9 kg |
| Тежина, празна, со дрвен кундак | 4.05 kg |
| Тежина на празна рамка за муниција | 380 gr |
| Тежина на полна рамка за муниција | 680 gr |
| Ефикасен дострел | 100 m |
| Капацитет на рамката за муниција | 6 патрони |



# ИРАНСКО- ИРАЧКАТА ВОЈНА: Причини, историја и последици



Пишува: мајор Зоран Василески

## Корени на судирот

Граничните проблеми помеѓу Иран и Ирак, особено прашањето за суверенитет над реката Шат ал Араб, биле еден од главните причини за долгогодишниот судир помеѓу овие две земји, што довело до крвави пресметки и долг воен судир кој траел осум години. На 7 јули 1937 година, Техеран и Багдад ја потпишале првата спогодба за демаркација на границата помеѓу двете земји после воспоставувањето на ирачката држава, при што во тој договор Иран признал дека реката Шат ал Араб му припаѓа на Ирак, врз основа на постарите договори кои биле потпишани помеѓу Османлиската и Персиската држава.

После речиси три децении од потпишувањето на првата спогодба, Иран, на 19 април 1969 година, соопштил дека ја отфрла последната демаркација на границата, сметајќи дека е империјална творба (Ирак во тоа време бил под британски мандат). Еднострано поништување на спогодбата од страна на Техеран, за Багдад претставувало флагрантно кршење на меѓународното право. Неколку дена после едностраното откажување на спогодбата, ирански брод впловил во ирачките води, без притоа да ги плати пропишаните такси за премин. После ова двете земји одлучиле да распоредат сопствени воени сили долж реката Шат ал Араб. Со Алжирскиот договор склучен на 6 март 1975 година се извршило прекројување на границата помеѓу двете страни, така што на Иран му припаднала половина од реката Шат ал Араб, а според линијата која ги поврзува точките на најдлабоките места по должината на Шат ал Араб, била дефинирана речната граница помеѓу двете држави.

*Иранско - ирачка војна е вооружен судир помеѓу Иран и Ирак кој се одвивал од 1980 до 1988 година, а главното воено поприште се одвивало помеѓу југозападниот дел на Иран и средишниот тек на реката Шат ал Араб*

## Ескалација на војната

Иранскиот шиитски верски водач, ајатолахот Рухолах Хомеини, сакал да ја прошири својата идеологија и на останатите блискоисточни земји, посебно на Ирак.

Бранот на поддршка на Хомеини се проширил меѓу ирачките Шиити и тие почнале отворено да даваат отпор, па тогаш Садам Хусеин, поради страв од губење на власт, го отфрлил Алжирскиот догово, со што ги обновил старите ирачки претензии на иранската покраина Хузестан, подрачје кое Иранците го сметаат за родно место на нацијата. Регионот поседува огромни количини на нафта и заради кои биле неизоставен дел од иранската економија.

Поради слабостите на иранската влада и војската, ирачките сили ненадејно на 22 септември 1980 година преминале на границата каде што напредувале 80 до 120 километри

во длабочина на Иран. Резултатите на молскавичниот ирачки напад изостанале поради военатa инфериорност кон Иран, кој благодарение на добрите односи со САД бил опремени со најмодерните американски авиони. Иран имал воена надмоќност и во поглед на морнарицата,а со поморска сила која се протегала на повеќе од 2400 километри, додека Ирак поседувал поморска сила од само 50 километри. Односот на силите бил поеднаков во бројот на тенкови и оклопни возила, во што Ирачаните биле неспорни стручњаци во нивната примена.

Иран, во првата половина на 1982 година ги покренал операциите „Неоспорна победа“ и „Beit ol Moqaddas“ во кои остварил неколку победи на Садамовата војска, за во март истата година, иранските сили да ги ослободи и Хорамшар од ирачките окупатори. Овие порази секако предизвикале ослабување на ирачката војска, па затоа Садам Хусеин се одлучил на повлекување на своите сили од поголемиот дел на Иран, а дел од военит персонал кој бил одговорен за неодамнешните порази бил погубен.

Творците на американската политика заклучиле дека иранската победа во војната претставувала катастрофален исход за американските интереси во регионот и дополнително го дестабилизирала целиот арапски свет најмногу заради загрозувањето на протокот на нафта од богатите заливски монархии. Економските и стратешките интереси имале пресудно значење за Вашингтон – „помеѓу две зла“ да се избере онаа опција којашто претставувала помала опасност за американските интереси. Затоа сојузниците и САД застанале на ирачка страна и го тргнале Ирак од пописот на држави кои го поддржуваат тероризмот и истовремено Западот почнал да го вооружува Ирак. САД, преку Израел, тајно го вооружувале и Иран за да обезбедат ослободување на американските заложници од заробеништво во Либан и предизвикале несогласувања меѓу Вашингтон и Багдад.

## Војна без победник

Војната се претворила во бескрајно рововско војување, трошење на муниција и масовно крвопролевање.



За да го задржат бранот на ирански напади, Ирачаните употребиле и хемиско оружје, односно боен отров „иперит“, почнувајќи од 1983 година, додека од 1985 година употребиле и нервен воен отров „табун“ против иранската пешадија и слабо обучените доброволци.

И двете земји, повремено, со воздушно-ракетни напади ги напаѓале големите градови, танкерите во Персискиот Залив и нафтените постројки, со цел да оневозможат остварување приход од извозот на нафта. Американски, британски и француски воени бродови биле упатени во Заливот, неколку кувајтски танкери кои пловеле под американско знаме и воена придружба и поддршка, за да се спречи напад од Иран. Во текот на „танкерската војна“, американските воени бродови во 1988 година уништиле повеќе ирански нафтени платформи и по грешка, како што тврделе властите во Вашингтон, го уништиле иранскиот патнички авион со 290 цивили.

Ирак, во 1988 година покренува нова офанзива за да ги ослободи своите подрачја под иранска окупација, а Иран, соочен со нова инвазија и исцрпен, се согласил на прекин на борбите после посредувањето на Обединетите нации. Прекинот на огнот стапил на сила на 20 август 1988 година, кога биле упатени мировните сили на ОН, а за прв командант на воените набљудувачи на ОН кои биле распоредени на иранско-ирачката граница (УНИИМОГ) бил поставен генерал-мајор Славко Јовиќ.

## Биланс на загуби после војната

Војната не ја променила значајно границата меѓу двете држави, но цената на осумгодишното војување во човечки жртви и последиците по економијата била секако огромна, и за Ирак и за Иран. Процените покажуваат дека загинале од 400.000 до 1.000.000 човечки жртви, а биле ранети дури 750.000.

Во поглед на економската цена на војната, за секоја земја изнесувала повеќе од 400 милијарди долари, а во тој износ се вклучени и трошоците на разоружување и процена за изгубен приход поради отежнато производство и извоз на нафта. ■





# ДАГЛАС МАКАРТУР



Пишува: потполковник Златко Блажески

Малку фигури во модерната воена историја ги отелотвориле и доблестите и парадоксите на командувањето толку длабоко како генералот Даглас Макартур. Човек со извонреден интелект, железна дисциплина и непоколеблива самодоверба. Од рововите на Првата светска војна до џунглите на Нова Гвинеја и боиштата на Кореја, тој се појави како војник и државник, почитуван од милиони, но сепак поларизиран меѓу колегите и подредените. Неговото име е синоним за решително лидерство, стратешка дрскост и неуморен стремеж за постигнување победа под најнеповолни услови.

Даглас Макартур е роден на 26 јануари 1880 година во Литл Рок, Арканзас, во семејство со воена традиција. Неговиот татко, Артур Макартур Помладиот, бил одликуван офицер на Унијата и добитник на Медал на честа за храброст во Мисионерскиот риџ за време на Американската граѓанска војна. Уште од рана возраст Даглас го учеле дека има света должност да го одржува военото наследство на семејството. Макартур се запишал на Воената академија на Соединетите Држави во Вест Поинт во 1899 година, каде што покажал исклучителен интелект и лидерство. Дипломирал како прв во својата генерација во 1903 година со речиси совршен академски успех и бил назначен за потпоручник во Инженерскиот корпус на американската армија. Неговите први задачи го однеле на Филипините, во Јапонија и во Мексико, изложувајќи го на сложеноста на новото глобално присуство на Америка. Кога Соединетите Американски Држави влегуваат во Првата светска војна во 1917 година, Макартур служел во штабот на новосоздадената 42. дивизија „Виножито". Тој бил унапреден во полковник, а подоцна и во бригаден генерал. Макартур за кратко време се истакнал, покажувајќи храброст и тактичка иновација. За време на офанзивата „Мез-Аргон" и операциите во секторот Марн, тој постојано водел од



фронтот, честопати изложувајќи се на непријателски оган за да ги инспирира своите луѓе. Неговиот акцент во борба бил на извидување, координација помеѓу пешадијата и артилеријата и флексибилно маневрирање и затоа го сметале за офицер со современ ум, а воедно бил и еден од најпочитуваните млади генерали во Американските

експедициски сили, познат по својата дрскост, неортодоксни методи и лична харизма. Во периодот помеѓу војните Макартур се префрлил на високи административни и лидерски улоги. Во 1919 година тој станал началник на Воената академија на САД во Вест Поинт - најмладата во нејзината историја. Таму тој спровел сеопфатни реформи, модернизирајќи ги и наставните програми и методите за обука за да се усогласат со механизираните реалности на војувањето од дваесеттиот век. Тој ги заменил ригидните вежби со атлетски тренинг, вовел пошироки академски дисциплини и се обидел да развие приспособливи офицери, способни за нови предизвици. Од 1930 до 1935 година, тој бил началник на Генералштабот на американската армија, соочувајќи се со еден од најпредизвикувачките периоди во историјата на службата. Тој ги реорганизирал дивизиите, давал приоритет на образованието на офицерите и ја предвидел важноста на воздушната моќ и механизацијата долго пред тие да станат главни концепти во американската воена доктрина. Во 1935 година, тој е назначен за воен советник на Владата на Комонвелтот на Филипините.

Кога Јапонија ја започнала својата офанзива низ Пацификот во 1941 година, Макартур командувал со американските и филипинските сили како командант на американските армиски сили на Далечниот Исток (USAFFE). И покрај храбриот отпор, јапонскиот напредок се покажа како огромен. Му било наредено да се повлече во Австралија, при што Макартур се заколнал дека ќе се врати.. Неговата последователна кампања за исполнување на тоа ветување е еден од најбрилијантните примери на оперативна уметност во модерното војување. Од 1942 до 1945 година, Макартур ја предводел кампањата во Југозападниот Пацифик, користејќи стратегија на „скокање од остров" за да ги заобиколи силно утврдените јапонски позиции додека напредувал кон Филипините и Јапонија. Победите кај Буна, Бијак и Лејте го покажале неговото мајсторство во комбинираното оружје, логистиката и заедничките операции. Неговото враќање на Филипините во октомври 1944 година симболизира и искупување и национално оживување. Во септември 1945 година, на бродот „Мисури", Макартур ја прифатил формалната капитулација на Јапониј, со што заврши Втората светска војна на Пацификот. Неговото управување со повоена Јапонија ќе стане една од најзначајните фази во неговата кариера. Како врховен командант на сојузничките сили (SCAP) од 1945 до 1951 година, Макартур ја надгледувал реконструкцијата и демократизацијата на Јапонија. Тој ги почитува јапонските традиции, а воедно ги вградува и демократските принципи кои траат до ден-денес. Кога Северна Кореја ја нападна Јужна Кореја во јуни 1950 година, Макартур, кој тогаш бил 70-годишен, е назначен за командант на силите на Обединетите нации. Неговиот одговор е карактеристично смел: амфибиското слетување во Инчон во септември 1950 година го смени текот на војната, ослободувајќи го Сеул и речиси протерувајќи го непријателот од полуостровот. По завршувањето на службата Макартур бил дочекан дома како херој Тој ги поминал преостанатите години од својот живот во јавно говорење и размислување. Починал во 1964 година.

Лидерството на Макартур е спој на интелект, харизма и бескомпромисна самодоверба. Тој го отелотворува концептот на командно присуство – лидер кој инспирира преку посветеност, преку елоквенција, изглед и убедување. Тој верувал во децентрализирано извршување на задачите под централизирана визија, овластувајќи ги подредените да дејствуваат во рамките на неговата стратешка намера. Неговото лидерство е многу личн, тој го гледал синџирот на командување не само како хиерархија, туку и како продолжение на неговата волја. Макартур, исто така, свесно негувал јавен имиџ. Неговото луле од пченкарен кочан, авијатичарските очила за сонце и драматичните изјави, биле дел од свесен напор да го отелотвори архетипот на американскиот воин. Неговото разбирање на медиумите му овозможи да проектира авторитет и симболика надвор од бојното поле. Наследството на Макартур во воената димензија е разновидно. Како стратег, тој го отелотвори принципот на примена на огромна сила во одлучувачки точки преку мобилност и изненадување. Неговите кампањи остануваат основни елементи на професионалното воено образование низ целиот свет. Денес неговите доктрини за лидерство, иницијатива и должност продолжуваат да влијаат врз офицерите низ целиот свет. Тој еднаш има напишано: „Војникот пред сите други се моли за мир, бидејќи мора да страда и да ги носи најдлабоките рани и лузни од војната". Овие зборови се безвременски.



Животот на Даглас Макартур е доказ за трајната вистина дека големото лидерство не се мери само со победа на бојното поле, туку и со храброст да се командува со визија, убедување и чувство за судбина. ■







# МАКЕДОНСКИОТ БУКВАР ВО ГРЦИЈА

## „АБЕЦЕДАР“ (1925 – 2025)



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Со Версајскиот договор (1919 г.) после Првата светска војна, македонскиот народ останал поделен помеѓу балканските држави: Кралството Грција, Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Царска Бугарија и новоформираната држава Албанија. За време на нивните недемократски режими Македонците немале никакви национални и политички права. Незадоволни од територииите кои им беа доделени на „зелената маса“, Кралството СХС, Бугарија и Грција, од едната страна, водат силна дипломатска активност во докажувањето дека „нивното“ малцинство е загрозено во рамките на соседната држава, а од друга страна спроведуваат политика на репресија и прогон, со цел македонскиот народ да биде однароден, деноминиран и асимилиран. Токму затоа, Х. Н. Брејлсфорд, член на фондацијата „Карнеги“, запишал: „Сегашново решение е полошо отколку што може да се замисли. Поделбите ги диктираше само идејата за рамнотежа на силите и воените интереси на победниците. Тие се флагрантно кршење на националните права... Ниту една балканска влада не се обидува чесно да ги почитува правата на националните малцинства. Во тој поглед Македонија е многу понесреќна отколку што беше под Турците...“ .



**Greeks are not Macedonians**

*July 21*

ACCORDING to Greek government statistics, between 1922 and 1925 exactly 638,253 Greek refugees from Asia Minor were settled in the 51 per cent of Macedonia which Greece had annexed 10 years earlier. These Greeks suddenly became 45 per cent of the population.

Seventy years later the Greek Government is claiming that these Greeks are the only true Macedonians.

VICTOR BIVELL
Asquith, NSW

По воспоставувањето на „версајскиот систем“, големите сили сметале дека конечно е решено македонското прашање, така што речиси останале безгласни за сето она кое се случувало со македонскиот народ во „новоосвоените“ територии од страна на балканските држави. Истовремено, Друштвото на народите, формирано после војната, водеше политика на заштита на малцинствата, според која на Македонците им беше „дозволено“ да се декларираат по свој избор, како Грцилавофони (Словеногласни), Јужносрбијанци или македонски Бугари.

Всушност, Друштвото на народите сосема недоследно се однесува кон македонското прашање, како „малцинско“, при што, на пример, поставиле клаузула дека „Бугарите во Кралството на СХС, кои ќе се изјаснат како

такви, треба да добијат малцински права". Ова било шок за српската дипломатија која била свесна за долгорочните последици и за опасноста од постојано бугарско мешање во внатрешните работи на Кралството на СХС. Затоа енергично барале изземање на Вардарскиот дел на Македонија, односно се залагале клаузулата да не важи за територијата на Србија пред почетокот на Првата светска војна.

Грчката држава ги искористила договорите за размена на население склучени со Бугарија (1919) и Турција (1923), за да го промени радикално, за кратко време, етничкиот состав на населението во корист на грчкиот елемент. Како последица од наведените војни од делот на Македонија под Грција (Егејска Македонија), емигрирале 50.000 Македонци. На истиот простор, со Грчко-турскиот договор од 1923 година, биле населени 640.000 Грци од Мала Азија, а 40.000 исламизирани Македонци се иселиле заедно со Турците. Во периодот од 1923 до 1928 г. од истиот простор во соседните држави се иселиле уште околу 43.000 Македонци.

Под силен притисок на Бугарија, која барала права за „бугарското" малцинство во егејскиот дел на Македонија, Друштвото на народите ѝ наложува на Грција издавање на еден буквар за „бугарските" деца. Така, во 1925 година, со латинско писмо беше издаден буквар наречен „Абецедар" на чист македонски јазик (леринско-битолско наречје) и латинско писмо, со цел да се избегне кириличното писмо на претендентите Србија и Бугарија. Подготовката и издавањето на „Абецедарот" било употребено низ грчкиот печат со најава дека „словеногласните" ќе добијат буквар во своите училишта, кој го гарантирала и грчката влада пред Друштвото на народите. Со цел да го елиминира бугарскиот и српскиот интерес за „своето" малцинство во Грција, грчката влада сметала дека е најдобро наставата во тие малцински училишта да се одвива на нивниот сопствен локален јазик, односно на македонскиот.





„Абецедарот" бил непријатно изненадување за бугарските дипломати, бидејќи бил издаден на неразбирлив за Бугарите јазик, додека грчките дипломати тврделе дека македонскиот е посебен јазик, односно дека „словеногласните" во Грција не се ниту Бугари ниту Срби, туку посебна националност. Но, практично, уште на почетокот властите настојувале да изнајдат каков било повод за одлагање на воведувањето на „Абецедарот" во училишниот систем на Грција. Затоа, бил инсцениран судир на грчката војска со бугарската кај Петрич, а потоа и организиран масакр врз недолжното македонско население во селото Трлис, Серско. Овие инциденти биле искористени за создавање на несигурност кај Македонците и тие самите да се откажуваат од задоволување на нивните малцински права, односно да бараат сигурност преку иселување во Бугарија.

„Абецедарот", како и многу други маневри на грчката држава пред меѓународната јавност, никогаш не беше применет. Дури беше и уништен. Во овие рамки, на грчката влада ѝ беа добредојдени реагирањата на владите на Кралството СХС и на Бугарија во врска со јазикот на „Абецедарот". Така, грчката држава продолжува со негирање на македонската национална посебност. Со методи на беспримерно насилство, на Македонците им беше забранувана употребата на мајчиниот јазик дури и во нивните домови. Сурово физичко казнување, затворање, прогон, економски притисок итн. беа применувани врз Македонците од страна на грчките шовинисти, со цел да им наметнат некаква „елинска гордост" и да ги натераат да се срамат од својот мајчин јазик. Со забраната на мајчиниот збор и со промената на етничката карта на Егејска Македонија, истовремено се корнеа и многу други траги: фалсифукување на историјата, масовно преименување на топонимите и на личните имиња и нивно систематско погрчување итн. Само во периодот од 1919 до 1970 година грчките власти преименувале вкупно 1.666 населени места.

Во контекст на целокупната грчка политика на негирање на македонската посебност, која е далеку од историската вистина, како крунски сведок дека, сепак, некогаш морале да признаат дека македонски јазик е „Абецедарот", букварот составен на дијалектот на Македонците во рамките на Грција. Ова е документ од фундаментално историско значење, бидејќи најконкретно ја покажува посебноста на македонскиот јазик цели 20 години пред неговото официјално кодифицирање. ■



# Психолошка подготовка за меѓународни операции – тивка сила што ја одржува способноста



Пишува: проф. Александар Грижев

Од сите подготовки што се прават пред ротација, психолошката подготовка најмногу се потценува. Се очекува и се подразбира дека ќе се снајдеме, дека „тоа ни е работа", дека навиката ќе го покрие непознатото. Но, секоја мисија нè потсетува на истото правило: променливоста и динамичноста е нормална во најголем дел од меѓународните мировни операции, а менталната подготвеност не е луксуз, туку е многу важна способност. Можеме да ја разбереме и да ја замислиме како униформа: ако не ја облечеш, првото лошо време ќе те натера да ја посакаш. Како и да е, психолошката подготовка не е голема теорија. Таа претставува начин да го сочуваме вниманието и да се фокусираме кога информациите се половични, да го смириме темпото кога адреналинот нè турка да брзаме и да останеме правични кога нештата не одат според планот. Во практика тоа се малите навики што ги внесуваме во денот: пауза од два здива пред да одговориме, едно јасно прашање наместо три претпоставки, краток договор со колегата кој ќе ме „повлече за ракав" ако гледа дека претерувам.

Кога тимот прв пат ќе се најде во ново опкружување, обично се случува истото: знаеме што сме учеле, но не знаеме што точно од тоа можеме да го применуваме. Луѓето се истите, но системот е друг. Друг тон во разговорот, друг однос кон авторитетите, друг ритам. Се јавува еден вид невидлив замор од континуирано толкување затоа што многу често истите зборови носат различни значења, истите гестови различна тежина, така што психолошката подготовка се тестира во мултикултурната реалност. Фрустрацијата најчесто не доаѓа од големите разлики, туку од малите недоразбирања што се таложат: кимнување што значи „те слушам", а ние толкуваме како „се согласувам"; тишина која во нашата култура е знак на сомнеж, а кај другата страна е учтивост и простор за размислување. Доколку тоа го пропуштиме, за кусо време тонот се заострува, заклучоците стануваат избрзани, а се зацврстува впечатокот дека тукашните приоритети се поинакви. Почесто, пак, објаснувањето е попрецизно: работата се вреднува, но се изведува според други правила.

Значи, на психолошката подготовка можеме да гледаме како на дисциплина на јасност и ритам, но и како на „превод": да ги претвориме сопствените импулси во одмерени реакции, а туѓите сигнали во оперативно значење. Во мултикултурна средина, ризикот не

е само непознавање, туку тоа што празнините ги пополнуваме со навика. Кога темпото и јазикот не се усогласени, лесно носиме брзи заклучоци што звучат уверливо, а се неточни. Затоа правиме свесна, кратка пауза за проверка: што е факт, што е претпоставка и што ни недостига. Тоа ни е неопходно за да се поместиме од толкување кон вистинско разбирање.

Културната интелигенција тука ја третираме како вештина на изведба, не како каталог од факти. Таа започнува со свесност за сопствениот рефлекс (реагирам како дома или како овде?), се потпира на неколку основни правила на учтивост и поредок, ја одржува волјата да побараме појаснување наместо да градиме цинични објаснувања, и завршува со однесување со почит: тон што не провоцира, пауза што дава простор, формулација што го чува достоинството. Ова не е отстапка од ефикасноста: целта останува јасна, но патеката е адаптивна. Ритамот, пак, е организацискиот дел од психолошката работа. Предвидлив почеток на смена, краток брифинг со една водечка порака, одмерено темпо во изведбата, пауза што не е награда туку дел од перформансот и кус дебрифинг што не се гледа како отчет, туку како усогласување за следниот чекор. Ваквиот ритам не ја поедноставува задачата, но ја стабилизира внимателноста, фокусот и приоритетите. После долготрајна неизвесност, луѓето се двоумат помеѓу микроменаџирање и апатија, а ритамот создавај простор за рационално размислување кога е најпотребно.

Во самиот тим предвидливоста е посакуван и ценет ресурс. Се гради преку мали, но видливи навики: кратко усогласување на целта пред влегување на состанок или на задача; кратка проверка и потврда дека сме се разбрале по секоја клучна порака; договорен знак за кратка пауза кога некому му паѓа концентрацијата. Овие гестови не ја одолговлекуваат работата, туку можат да не поштедат од евентуални подоцнежни корекции. Во мултинационална средина имаат и дипломатска тежина: покажуваат стил на комуникација што не драматизира, туку решава, и на тој начин побрзо се создава доверба. Грешките пак, кои се неизбежни во ваква динамична средина, може да се гледаат и од друга перспектива и да станат материјал за кратка, свесна рефлексија, односно подобрување. Наместо барање на виновник, се инсистира на стабилна линија на учење: што функционираше, што не функционираше, што е следно што треба да го промениме. Оваа свесна дисциплина, без иронија и без драматика, ја чува кохезијата и покажува дека професионализмот се мери и според начинот на корекција,а не само според резултатот.

Во ваква динамична мултикултурна средина каде што оперативната средина се менува мошне брзо и непредвидливо, речиси сѐ се сведува на примерот што го поставуваат лидерите. Тон што останува мирен кога темпото расте; очекувања што се конзистентни; фер и рамномерен распоред на работата; признавање и истакнување на малите успеси и победи кога стануваат темел за големите. Во таква рамка, прашањето за појаснување не е слабост, туку нормална работа; паузата не е блокирање, туку пренасочување на вниманието; културната различност не е секогаш закана, туку фактор што го земаме предвид за поефикасно и поефективно извршување на мисијата.

На крајот важи едно едноставно правило: малите постапки носат стабилни резултати. Две мирни издишувања пред важна порака; јасна формулација на целта во една реченица; проверка на претпоставките пред да донесеме одлука или после напорен контакт. Во мултикултурна средина, овие мали чекори ја прават големата разлика и ја одржуваат почитта кон различноста. Тоа е суштината на психолошката подготовка за меѓународни операции: разбирливист и ритам што создаваат предвидливост и фер однесување во непредвидлив контекст. Психолошката подготовка не е гласна, но е пресудна во меѓународните операции. ■






# Примената на Резолуцијата 1325 на ОН во нашата армија: Родова еднаквост и учеството на жените во безбедносниот сектор



Пишува: потполковник Милена Чатмова

Учеството на жените во одбраната и безбедносниот сектор е клучен аспект за ефективно и инклузивно управување со безбедносните предизвици. Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации, усвоена во 2000 година, ја нагласува важноста на родовата еднаквост, учеството на жените во миротворни операции, спречување на насилство врз жени во конфликти и вклучување на родовиот аспект во сите фази на мир и безбедност. Во 2025 година се одбележува 25-годишниот јубилеј на Резолуцијата 1325 со глобални и национални активности кои ја истакнуваат важноста на родовата еднаквост и постигнувањата во примената на принципите на оваа резолуција. Овој јубилеј претставува можност за ревизија на националните политики и зајакнување на мерките за вклучување на жените во сите нивоа на безбедносни и миротворни активности.

На национално ниво, нашата земја го усогласува своето законодавство со принципите на Резолуцијата 1325 преку неколку клучни механизми. Уставот гарантира еднаквост на сите граѓани и забранува дискриминација според пол (член 9), додека Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата создаваат нормативна основа за родова еднаквост во сите сегменти на армиската служба. Овие закони обезбедуваат рамка за еднакво учество на жените и мажите на командни позиции, технички должности, специјализирани служби и меѓународни мисии.

Практичната примена на принципите на Резолуцијата 1325 во Армијата се реализира преку редовни обуки за родова свест, професионална етика, управување со родови предизвици и спречување на сексуално и родово базирано насилство. Интерни надзори, инспекции и менторски програми обезбедуваат контрола врз примената на овие принципи, поддршка за жените-припаднички на Армијата и развивање системска култура на родова еднаквост. Овие мерки резултираат со зголемена доверба, повисок степен на професионализам и подобрување на организациската култура.

Воведувањето на Националниот акциски план (НАП 1325) ја систематизира примената на Резолуцијата на национално и институционално ниво. НАП ги дефинира целите за зголемување на бројот на жени во Армијата, ги зголемува обуките за родова еднаквост, обезбедува механизми за спречување на родово базирано насилство и обезбедува услови за еднаква кариера. НАП предвидува и континуирано следење и оцена на напредокот, што создава транспарентен процес и овозможува навремени измени во стратегиските документи.

Компаративната анализа покажува дека примената на Резолуцијата 1325 доведе до значителен напредок во повеќето светски армии. Пред 2000 година жените имаа ограничено учество во борбени единици и немаа речиси никаков пристап до повисоки командни функции. По усвојувањето на Резолуцијата, трендот глобално се смени. Земјите членки на НАТО и ОН воведоа обуки за родова свест, системи за заштита од родово базирано насилство и политики за унапредување на жените во командни структури. Особено впечатлив е примерот на САД.




Во вооружените сили на САД, импактот на Резолуцијата 1325 е особено видлив. Пред 2000 година жените имаа ограничен пристап до бројни борбени и командни улоги, но денес американската армија има десетици жени генерали и адмирали во активна служба. Неколку од нив раководеа со крупни команди и стратегиски структури. Во 2016 година генералот Лори Робинсон стана првата жена во историјата што командуваше со една од борбените команди на САД – USNORTHCOM, што ја потврди трансформацијата и ја донесе Резолуцијата 1325. Денес жените сочинуваат речиси една петина од активниот состав на американските вооружени сили, а нивното учество во офицерските и штабните структури расте од година во година.

Кај нас ефектите од примената на Резолуцијата 1325 се видливи преку зголемување на учеството на жените во Армијата во последните две децении. Жените се присутни во различни должности – од тактички единици, преку специјалности и штабни позиции, до учество во меѓународни мисии.

Присуството на жените во мировните операции на ОН и НАТО покажува дека нивната улога има практична, а не само формална важност: жените придонесуваат за подобра комуникација со цивилното население, за зголемување на довербата и имаат позитивно влијание врз локалната заедница.

Интерните менторски програми, обучувањето инструктори за родова свест, вклучувањето на цивилни експерти и редовните процени ја поддржуваат имплементацијата на Резолуцијата. Овие механизми овозможуваат жените не само да учествуваат, туку и да напредуваат професионално, да имаат пристап до командни функции и да учествуваат во стратешко планирање.

Заклучокот е дека Резолуцијата 1325 претставува темелна меѓународна рамка за зајакнување на улогата на жените во безбедносниот сектор, а нејзината примена во Армијата се одвива преку законодавството, НАП, обуките, надзорот и развојот на политики за родова еднаквост. Одбележувањето на 25-годишниот јубилеј е причина за дополнително унапредување на мерките и создавање уште поинклузивен, посовремен и попрофесионален безбедносен систем. ■



# УЛОГАТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СПРАВУВАЊЕ СО ВОЕНИТЕ ПОВРЕДИ

Пишува: Станка Петкова

Улогата на здравствените институции во справување со воените повреди претставува една од најзначајните и најкомплексните компоненти во општата структура на националната и меѓународната одбранбена и хуманитарна одговорност. Овие институции, кои вклучуваат јавни здравствени системи, специјализирани воени медицински капацитети, невладини организации и меѓународни агенции, се борат да обезбедат што е можно најдобра и најбрза медицинска грижа за жртвите од воени конфликти, човечки катастрофи и други ситуации на опасност.

### Итна медицинска интервенција

Првата и најбитна фаза во справувањето со воените повреди е итната медицинска интервенција, која обично се изведува на бојното поле или во непосредната близина на конфликтната зона. Воените медицински служби, вклучувајќи ги тука и мобилните полигонални тимови и воени болници, го одржуваат капацитетот за брзо реагирање во услови на криза. Тие се обучени да ги проценат и стабилизираат повредите, да обезбедат воздушна и копнена транспортна поддршка, како и да ја иницираат првата фаза од долгата патека на терапија. Ова вклучува заштита од инфекција, стопирање на сериозни крварења, стабилизирање на здробени делови од телото и обезбедување на основни животни функции. Во таа фаза се користат напредни техники како мини-инвазивни хируршки интервенции, трансплантација на ткива и делови од тела, како и модерни системи за метеорологија на рана за да се минимизира исходот од повредите. Овие интервенции бараат високо специјализирани здравствени работници и технолошко опремување на високо ниво.

## Долгорочно лекување и рехабилитација

Понатамошната грижа за воените повреди се состои од долгорочно лекување и рехабилитација што се води во здравствени установи со посебни капацитети за хирургија, физикална терапија, психолошка поддршка и социјална рехабилитација. Во овој дел од процесот се работи на извлекување на случаите со тешки трауми како ампутации, сериозни повреди на мозокот, оштетувања на ‘рбетниот столб, нервите итн. Едната од главните задачи е да се спречи инвалидитет и да се врати што е можно повеќе функционалноста кај повредените. Таа улога ја играат интердисциплинарни тимови кои со сложени терапии и иновативни технологии, како што се роботска хирургија, протетика, крио и генска технологија, придонесуваат во закрепнувањето. Кога е потребно се спроведуваат психолошки и психијатриски третмани за менталното здравје, бидејќи тешките повреди честопати предизвикуваат и големи психолошки трауми, особено кај лица со траума од видот на ПТСП (посттрауматски стресни нарушувања).

## Меѓународна улога и хуманитарен аспект

На меѓународно ниво, хуманитарните организации како Црвениот крст или Здружението на лекарите без граници, играат важна улога во обезбедувањето на дополнителни медицински капацитети, логистичка поддршка и обуки за локалните здравствени системи. Тие работат во зони каде што е нарушена јавната здравствена инфраструктура, помагајќи да се воспостави минимална грижа за сите како независни актери на терен. Исто така, овие организации се активни во едукација и пропаганда за превенција од повреди, правилно справување со раните, а особено значајно е нивното учество во воспитувањето на населението за преземање безбедносни мерки предизвикани од воени ситуации.

## Образование и подготовка на здравствените работници

Образованието и подготовката на здравствените работници за справување со воени повреди е клучен сегмент во целокупниот систем на медицинска грижа на конфликти. Воени медицински тимови мора да се обучуваат редовно и да бидат подготвени за работа во најтешки услови, вклучувајќи непредвидливи сценарија, епидемии, масовни повреди и ограничени ресурси. Тие се обучени да користат напредни медицински уреди, да донесуваат брзи и најдобри одлуки во стресни ситуации и да се справуваат со мултифункционални повреди. Покрај тоа, важно е нивното професионално усовршување и во области како психолошка поддршка, рехабилитација, превенција од заразни болести и социјална грижа за воените повредени. Високо специјализирани обуки и меѓународна размена на искуства ја зголемуваат ефективноста на здравствените системи.

## Предизвици и идни перспективи

Верувањето во можноста за ефикасно справување со воените повреди со помош на здравствените институции е предмет на големи предизвици. Трајните конфликти ја оптоваруваат здравствената инфраструктура со голем број на повредени и инфраструктурни штети. Во исто време, недоволните ресурси, недостатокот од модерна технологија и квалификувани кадри, како и безбедносните ризици при операциите, се сериозни пречки. Заради тоа, идните стратегии треба да се фокусираат на зајакнување на капацитетите на јавните здравствени системи, изградба на мрежи за брзо реагирање, обезбедување на итни мобилни болници, како и интернационална соработка за размена на знаења и ресурси.

Важноста на улогата на здравствените институции во справувањето со воените повреди не може да се прецени. Тие се првите што реагираат во критични моменти, тие ги спасуваат животите и ја поставуваат основата за закрепнување. Исто така, нивната работа е клучна за стабилизирање на општеството после конфликтите, бидејќи овозможуваат транспортирање на повредените до специјализирани центри, обезбедуваат долгорочна грижа и рехабилитација и ја градат довербата во здравствениот систем.

И покрај тешкотиите и предизвиците, напредокот во медицина, во технологијата и меѓународната соработка ќе продолжат да ја зголемуваат ефективноста на здравствените услуги во ситуации на воени конфликти и трауматски ситуации, со што ќе се спасуваат животи и ќе се намалуваат последиците од тешки повреди. ■





15. „Футсал куп за мир“ во Црна Гора

# Армискиот футсал тим со најдобар голман и освоено трето место на турнирот во Колашин

Пишува: Борче Лозановски

Серијата забележителни резултати на македонските армиски спортисти на меѓународната сцена, ја збогати и нашиот футсал тим. Имено, во периодот од 13 до 18 октомври футсал екипата, како дел од Советот на воени спортови при Министерството за одбрана и Армијата, учествуваше на 15. „Футсал куп за мир“ („CISM Futsal cup for Peace“) во Колашин (Црна Гора), каде што настапија пет држави (армии) од Балканот (Македонија, Србија, Словенија, Босна и Херцеговина, како и домаќинот Црна Гора).

Во оваа конкуренција нашиот футсал тим го освои солидното трето место (зад колегите од Босна и Херцегови-



на и од Црна Гора, а пред Словенија и Србија), што е најдобар пласман на македонската армија во 15-годишната историја на турнирот.

За позитивната оценка од постигнатото на паркетот во Колашин да биде уште поголема, чуварот на мрежата на македонскиот футсал тим, разводник Филип Лазаревски, беше прогласен за најдобар голман на турнирот.

Тоа, практично беше „круната“ на првите 20-дневни сериозни подготовки, а потоа и одмерувањата на силите со четирите ривали на турнирот во Колашин. За селектирањето на играчите беа задолжени шефот на делегацијата, потполковник Дарко Николовски и тренерот на еки-

пата мајор Емил Ангеловски, а базичните и техничко-тактичките тренинзи се одржаа на воениот стадион во Скопје, во периодот од 22 септември до 10 октомври. На турнирот настапивме со 12 футсалци (10 играчи и двајца голмани).
Крајниот резултат од сработеното (и одиграното на теренот) е освоеното трето место и прогласување на најдобар голман од нашиот тим на овој турнир, што донесе големо задоволство кај одговорните на тимот, од каде што истакнуваат дека „со своето учество, припадниците на Армијата достоинствено ја претставија татковината, потврдувајќи го спортскиот дух, тимската работа, фер играта и заложбата за мир и пријателство меѓу народите.“
Дополнително, за конечниот епилог, по четирите футсал пресметки со армиите од поранешна СФРЈ, се вели дека овој турнир претставува уште еден мотив повеќе за постигнување на подобри резултати во иднина, пред сè на наредниот 16. „Футсал куп за мир“, којшто во 2026 година ќе се одржи во нашата држава. За овој предизвик, како што се потенцира, ќе се продолжи со кондицирање и докомплетирање на македонската армиска футсал екипа.
Инаку, овој проект, „CISM Futsal cup for Peace“, претставува иницијатива и активност на земјите од Балканот, а има цел преку спортот да ја промовира толеранцијата, пријателството и мирот, како и да ја зајакне соработката помеѓу армиите на земјите од регионот. ■





## Резултати и состав

На турнирот во Колашин, футсал тимот на македонската Армија одигра четири натпревари на кои забележа две победи. Позитивните резултати беа остварени во дуелите со Србија (2-0) и со Словенија (4-3), а подобри од нас беа победникот на турнирот Босна и Херцеговина (7-3) и освојувачот на второто место, Црна Гора (6-4).
Кога се во прашање играчите, под раководство на шефот на делегацијата (екипата), потполковник Дарко Николовски и тренерот на екипата мајор Емил Ангеловски, настапија професионалните војници Игор Паноски (капитен), Филип Лазаревски (голман), Павел Цветков (голман), Илчо Митрески, Беким Алимоски, Соте Андреески, Давид Митев, Никола Силјановски, Фоне Мурџески, Иван Мацов, Михаил Јакимов и водникот Бурим Касами.





# „Воен затвореник“

Љубителите на боречки вештини ќе сакаат да го видат акциониот трилер од Втората светска војна „Воен заробеник“ најмногу поради ѕвездата Скот Адкинс. Адкинс останува една од најплодните и највредните ѕвезди на овој жанр, бидејќи секогаш знае како да го извлече најдоброто од себе надвор од неговите возбудливи борбени сцени.

Филмот „Воен затвореник“ е инспириран од вистински настани од Втората светска војна. Британски офицер на САС (Скот Адкинс) е соборен за време на битката кај Батаан, бил заробен и принуден да се бори во брутални гладијаторски борби против други затвореници во јапонски логор за интернирање.

Филмот „Воен заробеник“ е одлична презентација за британскиот уметник во мешани боречки вештини, кој секогаш кога станува збор за човек од акција и кога е притиснат, може да се справи со сите предизвикувачи. Поставеноста на филмот во јапонскиот логор за воени заробеници, заедно со неговата неразвиена и предолга приказна за бегство од затвор, открива повеќе клишеа за чесно воено однесување отколку што би можеле да замислите, особено со оглед на тоа од каде незапирливиот командант на крилото на Адкинс, Рајт се обидува да избега. Заробен во Батаан, Рајт мора да избега од историски тешка судбина. Сепак, овој филм никогаш не ги прави околностите на Рајт да изгледаат толку заканувачки за него, што му дава само многу простор за флексибилност. Во своите најдобри ненасилни сцени, Адкинс докажува дека е доволно харизматичен за да не бара емоционален опсег. Тој го поседува нивото на интензитет на Чарлс Бронсон за време на воведните и завршните сцени во доџото за боречки вештини на Шунсуке. Поголемиот дел од филмот „Воен заробеник“ се чини дека е направен со променлив квалитет на филм од Канон од Бронсон.

Вистинскиот успех на најновата „рунда“ на Мендилор во режисерската фотелја е човекот од кого е инспириран насловот „Воен заробеник“, Скот Адкинс., без сомнение, водечката DTV акциона ѕвезда на оваа генерација,. Но, понекогаш, неговите обожаватели го гледаат и како се појавува во продукции за кои се чини дека не се достојни за неговите таленти. Но, од друга страна, сега тој се појавува во продукција која точно знае како да го искористи и да испорача неговиот талент во филмот„Воен заробеник“.

**Режија: Луис Мендилор, Сценарио: Марк Клебанов, Приказна: Скот Адкинс, Во главните улоги: Скот Адкинс, Питер Шинкода, Мајкл Копон, Габи Гарсија, Доналд Сероне, Музика: Тасос Елиопулос, Продукција: компании: „Odyssey Motion Pictures“, „Brand in Motion“, „Reality MM Studios“ , „Myriad Entertainment Corp“, Дистрибуција: „Well Go USA Entertainment“, Датум на објавување: 3 април 2025 година (Филмски фестивал во Беверли Хилс), Времетраење: 112 минути, Земја: САД, Јазик: Англиски**

Пишува: Станка Петкова



Кандидо Лопез е аргентински сликар кој работел во наивен стил, но воедно бил и војник-учесник во Парагвајката војна. Тој е роден на 29 август 1840 година. Во 1863 година, тој станал пријател со италијанскиот сликар на мурали, Игнасио Манцони, кој му давал совети како да работи на употребата на бојата и перспективата и го запознал со Балдасаре Вераци, друг италијански сликар кој живеел во Аргентина и кај кого земал часови. Но, со започнувањето на Парагвајската војна тој се пријавил во аргентинската војска каде добил чин втор потпоручник. Кога имал слободно време, меѓу битките, тој сликал пејзажи и слики од воените логори, кои ги испраќал во Буенос Аирес. Неговите слики се покажале како многу популарни, бидејќи луѓето биле заинтересирани за сè што е поврзано со фронтот. Подоцна, тој учествувал во битките на Естеро Белако и Бокерон. Во битката кај Курупајти, неговиот десен зглоб бил скршен од експлозија на граната и раката морала да биде ампутирана над лактот за да се спречи ширењето на гангрената. После ова, тој бил пензиониран како инвалид. Кандиди Лопез починал на 31 декември 1902 година и бил погребан со сите воени почести. ■



Пишува: м-р Трајче Чатмов

ИЛИЈА АРГИРОВ - Карчовалијата, познат како дедо Иљо, македонски ајдутин и револуционер, член Внатрешната Македонско-Одринска револуционерна организација. За време на Илинденско востание, тој дејствувал во својот роден крај - Серско, водејќи здружен одред со Јане Сандански.



Од приватната архива на Диме Ратајкоски.